

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

на ООУ„КОЧО РАЦИН“

во Охрид, Општина Охрид

за учебната 2025/2026 година

Јули ,2025г.

**Преамбула**

Врз основа на член 49, ставови 3, 4 и 5 од Законот за основно образование, годишната програма за работа на училиштето се изготвува секоја година.

Годишната програма за работа на основното училиште се подготвува врз основа на Развојната програма на училиштето и претставува основен документ за организација и реализирање на воспитно-образовната дејност во текот на учебната година.

Во годишната програма за работа се планираат мисијата и визијата на училиштето, подрачјата за унапредување, приоритетите и целите, конкретните акциски планови, како и методите за евалуација на постигнатите резултати, со цел континуирано подобрување на воспитно-образовниот процес.

Во рамки на годишната програма се опфатени следниве области:

- Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, како и спречување на дискриминација;
- Професионална ориентација и поддршка на учениците;
- Меѓуетничка интеракција и заеднички ученички иницијативи за поттикнување на култура на толеранција;
- Инклузивни практики и зајакнување на соработката со родителите и старателите;
- Активности за заштита и унапредување на животната средина;
- Културни и спортски активности кои придонесуваат за развојот на талентите и интересите на учениците;
- Други активности кои произлегуваат од приоритетите и потребите на училиштето.

Формата и содржината на годишната програма за работа ги утврдува Министерството за образование и наука, согласно предлогот од Бирото за развој на образованието (БРО).

## Содржина

**Вовед**

1.Општи податоци за основното училиште

1.1.Табела со општи податоци

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште

2.2. Податоци за училиштниот простор

2.3. Простор

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

2.5. Податоци за училишната библиотека

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

3.2. Податоци за раководните лица

3.3. Податоци за воспитувачите

3.4. Податоци за вработените административни службеници

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

3.10. Податоци за учениците во основното училиште

4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

5. Мисија и визија

6. Веќе научено/стекнати искуства

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

7.1. План за евалуација на акциските планови

8. Програми и организација на работата во основното училиште
8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште
8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите
8.3. Работа во смени
8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата
8.5. Проширена програма
8.6. Комбинирани паралелки
8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение
8.9. Изборна настава
8.10. Дополнителна настава
8.11. Додатна настава
8.12. Работа со надарени и талентирани ученици
8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби
8.14. Туторска поддршка на учениците
8.15. План на образовниот медијатор
9. Воннаставни активности
9.1. Училиштни спортски клубови
9.2. Акции
10. Ученичко организирање и учество
11. Вонучилишни активности
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности
12. Натпревари за учениците

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

15.2. Професионална ориентација на учениците

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

16.4.Самоевалуација на училиштето

17.Безбедност во училиштето

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

18.2. Систематски прегледи

18.3. Вакцинирање

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

19.3. Етички кодекси

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

20.2. Активности за професионален развој

20.3. Личен професионален развој
20.4. Хоризонтално учење
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

21.3. Едукација на родителите/старателите

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште
25. Заклучок
26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште
27. Користена литература

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

Прилог 1-Годишна програма за работа на директорот

Прилог 2-Годишна програма за работа на педагогот

Прилог 3-Годишна програма за работа на психологот

Прилог 4-Годишна програма за работа на Училишниот одбор

Прилог 5-Годишна програма за работа на Советот на родители

Прилог 6-Годишна програма за работа на Наставничкиот совет

Прилог 7-Годишна програма за работа на Одделенскиот совет

Прилог 8-Годишна програма за работа на инклузивниот тим

Прилог 9-Годишна програма за работа на Училишниот хор и оркестар

Прилог 10-Годишна програма за работа на Заедницата на паралеки

Прилог 11-Годишна програма за работа на Ученичкиот парламент

Прилог 12-Годишна програма за работа на Правобранителот во училиштето

Прилог 13-Распореди на часови одделенска настава

Прилог 13.1-Распореди на часови предметна настава

Прилог 13.2.-Распределба на часови

Прилог 14- Проекти што се реализираат во основното училиште

Прилог 15-Програми за вонnаставни активности

Прилог 16-Програма за додатна настава

Прилог 17-Програма за дополнителна настава

Прилог 18-Програми за вонучилишни активности

Прилог 19- Програма за реализација на ученички натпревари

Прилог 20-Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Прилог 21- План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

Прилог 22-План за професионална ориентација на учениците

Прилог 23-План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Прилог 24-План за следење и анализа на состојбите со оценувањето и поддршка на учениците за подобрување на резултатите

Прилог 25-План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Прилог 26-Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди

Прилог 27-План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

Прилог 28-Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)

Прилог 29-Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Прилог 30-Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите

Прилог 31-Програма за соработка со локална средина и локална заедница

Прилог 32-Програма антикорупциска едукација

Прилог 33-Програма за работа на детската организација

Прилог 34-Програма за работа на училишната библиотека

Прилог 35-Програма за грижа за здравјето на учениците

Прилог 36-Програма за унапредување на менталното и физичкото здравје и активности за ученици со емоционални потешкотии

Прилог 37-Програма за еколошка едукација и интеграција во образованието

Прилог 38-Одбележување на позначајни датуми во учебната 2024/2025 година во ООУ„Кочо Рацин“ Охрид

Прилог 39-Програми за работа на училишните Секции и Клубови

Прилог 40-Акции

Прилог 41-Менторска програма за работа на наставникот -ментор

Прилог 42-Акциски план за самозаштита

**Вовед**

Годишната програма за работа на училиштето претставува документ преку кој ќе се темели воспитно – образовниот процес во ООУ „Кочо Рацин“- Охрид во учебната 2025/26 година и има за цел одговорно, посветено, со тимска работа да ги определи целите преку кои ќе настојуваме да го водиме училиштето кон повисок квалитет во достигнување на воспитно-образовните цели.

Во овој документ се наведени сите подрачја на воспитно образовниот процес, со кои се придонесува за целокуниот развој на учениците и севкупниот училиштен живот, по кои треба да се движи училиштето во текот на целата година. Со Годишната програма ќе се конкретизираат воспитно - образовните цели и ќе се обезбеди следење и информирање за квалитетот на реализираните активности како и објективно вреднување на постигнатите резултати. Програмата за работата на училиштето за учебната 2025/26 година е документ во кој е испланирана работата на училиштето во сите области на работење и во нејзиното изготвување учествуваа директорот, стручната служба, наставниците, административниот кадар и претставник од ученичкиот парламент.

Годишната програма се состои од општи податоци за училиштето, податоци за условите за работа на основните училишта, податоци за вработенитеи за учениците во основното училиште, материјално- финансиско работење на основните училишта, мисија и визија на училиштето, подрачје за промени, приоритети и цели, програма и организација на работата на основното училиште, воннаставни активности, ученичко организирање и учество, вонучилишни активности, натпревари за учениците, унапредување на ултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција, проекти што се реализираат во основното училиште, поддршка на учениците, оценување, безбедност во училиштето, грижа за здравјето, училишна клима, професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар, соработка на основното училиште со родителите/ старателите, комуникации со јавноста и промоции на

основното училиште, евалуација на годишната програма за работа на основното училиште.

Оваа Годишна програма се подготвува во пропишана чија цел е реализација на образовно- воспитните цели на училиштето за една учебна година. Програмата на ООУ „Кочо Рацин“- Охрид е изготвена врз основа на:

- ✓ Законот за основно образование /правилници / концепции
- ✓ Закон за наставниците и стручните соработници во основното и средното образование
- ✓ Закон за работни односи
- ✓ Закон за јавни набавки
- ✓ План и програми за воспитно-образовната дејност
- ✓ Основи за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште
- ✓ Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование
- ✓ Календарот за организација на работата во учебната 2025/2026 година
- ✓ Статутот на училиштето
- ✓ Годишниот извештај на училиштето
- ✓ Програмата за развој на училиштето

## 1.Општи податоци за основното училиште

### *1.1.Табела со општи податоци*

| Податоци | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | **ООУ„Кочо Рацин“-Охрид** |
| **Адреса, место, општина** | **Поранешна касарна Генерал Михакло Апостолски ул. Кленоец** |
| **Телефон** | **046/255-537** |
| **Факс** | **046/222-537** |
| **Веб-страница** | **oukocoracin.edu.mk** |
| **Е-маил** | **Ou-kochoracin-ohrid@schools.mk** |
| **Основано од..** | **Секретаријатот за вонстопански дејности** |
| **Верификација-број на актот** | **13-192** |
| **Година на изградба** | **Изградена 1953 год. реновирано** |

| | 2025 год. |
|---|---|
| Тип на градба | Тврда градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2656.88м2 |
| Училиштен двор (m2) | 3465 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање на училиштето | Парно комбинирано на нафта и топлотни пумпи |
| Училиштето работи во смени | Едно сменско училиште |
| Број на паралелки | 26 |
| Број на комбинирани паралелки | 0 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

### *1.1.2. Податоци за подрачното училиште*

| Име на училиштето | ПУ„Кочо Рацин“-Лакочереј |
|---|---|
| Адреса, општина , место | С. Горно Лакочереј |
| Тел | 046/ 256-946 |
| Факс | / |
| Е-маил | Ou-kochoracin-ohrid@schools.mk |
| Основано од | Секретаријат за вонстопански дејности |
| Верификација, бр. на актот | 13-192 |
| Година на верификација | 13.01 1986 |

| | |
|---|---|
| **Јазик на кој се изведува наставата** | **Македонски** |
| **Година на изградба** | **1963** |
| **Тип на градба** | **Тврда градба** |
| **Површина на објектот** | **963 м2** |
| **Површина на училишниот двор** | **1500 м2** |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | **14 057 м2** |
| **Училиштето работи во смени** | **Не** |

### *1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште*

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор** | -Наде Митановска (член од редот на Советот на родители) претседател<br>-Елизабета Великоска (член од редот на наставноци)<br>-Јованка Анѓелкоска (член од редот на наставници)<br>-Нумче Јанкуловски (член од редот на наставници)<br>- Ристе Нејкоски (член од редот на Советот на Општина Охрид)<br>- Анѓелина Митреска (член од редот на родители)<br>- Костадинка Петреска (член од редот на Совет на родители) |
| **Членови на советот на родители (име и презиме)** | Весна Тасеска - Претседател на Советот на родители<br>Останатите членови на Советот |

| | |
|---|---|
| | на родители ќе се изберат во месец септември |
| **Стручни активи (видови)** | ▪ Стручен актив на наставници од одделенска настава-Претседател Магдалена Чалоска<br>▪ Стручен актив на природна група на предмети-Претседател Татјана Лошкоска<br>▪ Стручен актив на општествено јазична група на предмети- Претседател Сања Николоска<br>▪ Стручен актив за техника, спорт и уметност-Претседател Христијан Јованоски |
| **Одделенски совети (број на наставници)**<br>**Совет на предметни наставници (број на наставници)** | 16<br><br>28 |
| **Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме)** | • Славица Котеска-директор<br>• Сања Наковска-стручен соработник психолог<br>• Томчо Алексоски-стручен соработник педагог<br>• Виолета Петкоска-одделенски наставник<br>• Милена Танеска- |

| | |
|---|---|
| | одделенски наставник<br>• Воскре Тужароска-родител<br>• Андријана Стефаноска-специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) |
| **Заедница на паралелката (број на ученици)** | 26 |
| **Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)** | Ученичкиот парламент со неговите членови ќе се конституира на првиот состанок во септември 2025 год. |
| **Ученички правобранител** | Повикот за избор на ученик правобранител и негови заменици ќе се објави на почетокот на месец октомври 2025 год |

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

### *2.1. Мапа на основното училиште*

### *2.1.2. Централно Училиште*




## *2.1.2. Подрачно училиште*






### *2.2. Податоци за училиштниот простор.*

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 2 (1 централно, 1 подрачно) |
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Бруто површина** | 3324м2+9386м2 |
| **Нето површина** | 2656м2+1100м2 |
| **Број на спортски терени** | 3 |
| **Број на катови** | 3+1 |
| **Број на училници** | 27 |
| **Број на помошни простории** | 16+6 |
| **Училишна библиотека, медијатека** | 2 библиотека/1медијатека |
| **Начин на загревање на училиштето** | Комбинирано парно (топлотна пумпа и нафта)/Парно |

### *2.3. Простор*

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| -Училници<br>- по број на ученици | 18+9 | 2656+1003 | Тип I (4) | / |
| Кабинети | 3+1 | | 4 | / |
| Библиотека<br>-централно и подрачно | 2 | 28 | 3 | / |
| Медијатека | 1 | 34 | 4 | / |
| Канцеларии (наставници) | 3 | 39 | 3 | / |
| Училиштен двор | 2 | 8058+1500м2 | 4 | / |
| Канцеларии | 5 | 42 | 4 | / |
| Помошни простории | 4 | 79 | 4 | / |

### *2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“*

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Информатика** | Компјутери од проектот „Компјутер за секое дете“ (Застарена опрема) 2 ЛЦД проектори, Интернет | Обновување на постоечката опрема со снабдување на компјутерски уред (компјутер, лаптоп или таблет за секој ученик), |
| **Биологија и Хемија** | Микроскоп, модел на човеквнатрешни органи - модел на срце, модел-костур на човек, прибор за ботаника, епрувети, инки, држач за епрувети, мензури, микроскопски препарати, пипети, чистач за епрувети, препариран прибор, опрема за кабинетска настава, наставни средства и помагала по биологија и хемија за новиот кабинет по природни науки | |
| **Математика и физика** | комплет прибор за цртање (линијар, рамнокрак правоаголен триаголник, правоаголен триаголник со агол 60 степени, шестар агломер), Жичани модели на 3Д форми, комплет дидактички материјали (мемориски картички, | |

| | | |
|---|---|---|
| | бројна низа, карти со стрелки-природни и децимални броеви), Модел на цело-дропки, пластични модели на геометриски тела, демонстратор за прв Њутнов закон, демонстратор за магнетно поле, основна акумулаторска келија, демонстратор за Паскалов закон, сврзани садови, звучна вилушка, комплет леќи, електро магнет, прачќест магнет, потковичест магнет, Паскалова топка, демонстратор- топлинско ширење на телата, Електроскоп, логички плочки, ебонитна најлонска прачка, ебонитна стаклена прачка, топломер, лупа, амперметар, волтметар, компас, индуктометар и модели на атоми, наставни средства по физика и математика за | |

| | | |
|---|---|---|
| | новиот кабинетот | |
| **Историја** | Историски атлас, историски карти, наставни сретства за новата концепција | |
| **Географија** | Географски карти, Глобус, наставни средства за новата концепција | |
| **Музичко образование** | Синтисајзер, ЦД плеер | |
| **Физичко образование** | Јарец, стативи за фудбал, маса за пингпонг, кругови хулахопи, душек, кошаркарски топки, фудбалски топки, ракометни топки, топки за одбојка, | мрежа за одбојка |
| **Друга опрема** | Телевизори, видеорикордер, фотокопирки, ДВД, ЦД-касетофони, школски табли, паноа | 3 Смарт табли (по една за секоја училишна зграда) |
| **Библиотека** | Лектири, учебници, прирачници, енциклопедии, Методики Белетристика и друг вид на литература | Лектири по нова програма, сликовници, енциклопедии, учебници, збирки итн |

### *2.5. Податоци за училишната библиотека*

Во скоп на училиштето работат две библиотеки. Една во центарлното училиште и една во подрачното училиште.

| РЕД.БРОЈ | БИБЛИОТЕЧЕН ФОНД | КОЛИЧЕСТВО |
|---|---|---|
| **1.** | Број на библиотечен фонд | 6260ц/2793п |
| **2.** | Лектири | 4020ц/300п |
| **3.** | Стручни | 809ц/40п |
| **4.** | По жанрови | / |
| **5.** | По наставен јазик | / |

### *2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година*

| Што се преуредува или обновува | Површина во $m^2$ | Намена |
|---|---|---|
| **Обновување на фудбалското и кошаркарското игралиште во подрачното училиште** | $1250м^2$<br>$1000м^2$ | Обновување на игралиштата според потребите и стандардите-грижа за севкупното здравје на младата ученичка популација- физичко и психичко здравје |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### *3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа*

| Ред.бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Томчо Алексоски | 1985 | Педагог | ВСС | педагог | / | 8 |
| **2** | Сања Наковска | 1990 | Психолог | ВСС | психолог | / | 11 |
| **3.** | Наставник на определено време | | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | наст.по оддел.настава | / | |
| **4.** | Билјана Каланоска | 1971 | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 29 |
| **5.** | Виолета Петковска | 1971 | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | наст.по оддел.настава | 1 | 29 |
| **6.** | Елена Димоска | 1987 | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 9 |
| **7.** | Соња Милеска | 1973 | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 25 |
| **8.** | Светлана Жилевска | 1968 | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 27 |
| **9.** | Елизабета Наумовска | 1967 | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 25 |
| **10.** | Милена Танеска | 1979 | Дипл.учите | ВСС | наст.по | / | 18 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | л | | оддел.настава | | |
| **11.** | Анкица Цуцулоска | 1976 | Дипл.учител | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 19 |
| **12.** | Билјана Тодева Стојаносвска | 1978 | Дипл.учител | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 20 |
| **13.** | Мени Алексиеска | 1972 | Дипл.учител | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 16 |
| **14.** | Магдалена Чалоска | 1985 | Дипл.учител | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 11 |
| **15.** | Весна Речкоска Николова | 1977 | Дипл.учител | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 12 |
| **16.** | Елена Китески | 1984 | Дипл.учител | ВСС | наст.по оддел.настава | / | 9 |
| **17.** | Емилија Митреска | 1999 | Проф.по книжев.и мак.ј | ВСС | наст.македон.ј.и библиотека | / | 3 |
| **18.** | Наташа Неданоска | 1981 | Дипл.проф. по македонски ј. | ВСС | наст.македон.ј.и библиотека | / | 15 |
| **19.** | Фила Вероска-Стојковска | 1984 | Дипл.проф. по | ВСС | наст.македон.ј.и | / | 14 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | македонски ј. | | библиотека | | |
| **20.** | Александра Рошкоска | 1991 | Проф.по англиски ј. | ВСС | наст.англиски ј. | / | 9 |
| **21.** | Лидија Јевтовиќ | 1962 | Проф.по англиски ј. | ВСС | наст. по англиски ј. | / | 38 |
| **22.** | Љупка Јакимоска | 1988 | Проф.по англиски ј. | ВСС | наст.по англиски ј. | / | 8 |
| **23.** | Милка Кевереска Шапкароска | 1994 | Проф.по англиски ј. | ВСС | наст.по англиски ј.,библиотека | / | 5 |
| **24.** | Сања Николоска | 1989 | Проф.по германски ј. | ВСС | Наст.по германски ј. | / | 11 |
| **25.** | Ленче Грунчевска | 1966 | Дипл.проф. по биологија | ВСС | наст.биологија, природни науки | / | 22 |
| **26.** | Татјана Лошкоска | 1970 | Дипл.инж.по биологија | ВСС | наст.биологија,природни науки | / | 27 |
| **27.** | Силвана Крстеска | 1974 | Проф.по математика и физика | ВСС | наст.по математика и физика | / | 25 |
| **28.** | Виолета Коцаре | 1967 | Проф.по | ВСС | наст.по | / | 11 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | математика и физика | | математика и физика | | |
| **29.** | Елизабета Великоска | 1971 | Дипл. проф.по математика | ВСС | наст.по математика | / | 20 |
| **30.** | Дарко Симјаноски | 1994 | Проф.по физичко обр. | ВСС | наст.по физичко образ. | / | 4 |
| **31.** | Јованка Анѓелкоска | 1985 | Дипл.социолог | ВСС | наст. граѓанско образ.иновации, библиотека и ЕСАРУ | / | 14 |
| **32.** | Богоја Мојсоски | 1988 | Дипл.графика и конзервација | ВСС | наст.по ликовно образ. Библиотека | / | 11 |
| **33.** | Бобан Блажески | 1990 | Дипл.историчар | ВСС | наст.по историја | / | 11 |
| **34.** | Билјана Сиљаноска | 1985 | Проф.по географија | ВСС | наст.по географија | / | 12 |
| **35.** | Јулија Крстева | 1977 | Дипл.информ,и техничко образ. | ВСС | наст.техничко обр.информатика и | / | 10 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | вештини на живеење | | |
| **36.** | Игор Стефановски | 1989 | Дипл.гитарист | ВСС | наст.музичко обр.хор,оркест. | / | 6 |
| **37.** | Наумче Јанкулоски | 1982 | Проф.по физичко образ. | ВСС | наст.по физичко образ. во одделенска настава | / | 4 |
| **38.** | Христијан Јованоски | 1999 | Проф.по физичко образ. | ВСС | наст.по физичко образ. во одделенска настава | / | 1 |

### *3.2. Податоци за раководните лица*

| **Ред.број** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образо-вание** | **Работно место** | **Ментор/ Советник** | **Години на стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Славица Котеска | 1971 | Дипл.проф. одд.настава | ВСС | директор | / | 29 |

### *3.3. Податоци за стручните соработници во училиштето*

| Ред.број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ Советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Томчо Алексоски | 1985 | Дип. педагог | ВСС | Стручен соработник педагог | / | 8 |
| **2.** | Сања Наковска | 1990 | Дип. Психолог | ВСС | Стручен соработник психолог | / | 11 |

### *3.4. Податоци за воспитувачите*

| Ред.број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нема ангажиран воспитувач | | | | | | | |

### *3.5. Податоци за вработените административни службеници*

| Ред.број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Маја Тасеска | 1983 | Дипломиран правник | ВСС | правник | 10 |
| **2.** | Марија Р.Бимбилоски | 1987 | Економски техничар-Дипломиран | ССС ВСС | сметководител | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | економист | | | |

### *3.6. Податоци за вработените помошно-технички лица*

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степенна образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Наумче Петрески | 1973 | ВКВ-бравар ЕМУЦ | ВКВ | Домаќин /економ | 31 |
| **2.** | Раде Николоски | 1965 | Ракувач на парни котли УЦСНО | ССС | Хигиеничар - хаусмајстор | 14 |
| **3.** | Тане Илиоски | 1975 | Средно образов. | ССС | Хигиеничар - хаусмајстор | 15 |
| **4.** | Зорица Илијеска | 1974 | Средно образов. | ССС | хигиеничар | 14 |
| **5.** | Славица Ангеловска | 1965 | Средно образов. | ССС | хигиеничар | 20 |
| **6.** | Даниела Матеска | 1978 | Средно образов. | ССС | хигиеничар | 15 |
| **7.** | Јорданка Стојаноска | 1964 | Средно образов. | ССС | хигиеничар | 28 |

### *3.7. Податоци за ангажираните образовни медијатори*

| Ред.број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|

Образовниот медијатор го ангажира општината по објавен Јавен повик.

### 3.8. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | М | Ж |
| Број на вработени | 49 | 10 | 39 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на наставен кадар | 36 | 6 | 30 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на воспитувачи | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Број на стручни соработници | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Администра-тивни работници | 2 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошно-технички кадар | 7 | 3 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошник директор | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето) | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

### 3.9. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 3 |
| Високо образование | 38 |

| | |
|---|---|
| Виша стручна спрема | 0 |
| Средно образование | 7 |
| Основно образование | 0 |

### *3.10. Вкупни податоци за старосната структура на вработените*

| **Години** | **Број на вработени** |
|---|---|
| 20-30 | 3 |
| 31-40 | 15 |
| 41-50 | 14 |
| 51-60 | 16 |
| 61- пензија | 1 |

### *3.10. Податоци за учениците во основното училиште*

Комисија за запишување на ученици во учебната 2025/2026 година:

1. Славица Котеска-директор
2. Сања Наковска-психолог
3. Томчо Алексоски-педагог
4. Соња Милеска-одделенски наставник
5. Елена Китеска-одделеснки наставник
6. Магдалена Чалоска-одделенски наставник

***Централно училиште***

| **Одд.** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **Ж** | **м** | **Ж** |
| **I** | 2 | 27 | 17 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **II** | 2 | 34 | 15 | 15 | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | 1 | / |
| **III** | 1 | 27 | 15 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I-III** | 5 | 88 | 47 | 37 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV** | 2 | 37 | 16 | 21 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **V** | 2 | 30 | 16 | 14 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV-V** | 4 | 67 | 32 | 35 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI** | 2 | 46 | 18 | 17 | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / |
| **VII** | 2 | 25 | 16 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI-VII** | 4 | 71 | 34 | 26 | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / |
| **VIII** | 2 | 29 | 17 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VII-VIII** | 4 | 54 | 33 | 21 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IX** | 2 | 41 | 20 | 21 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VIII- IX** | 4 | 70 | 37 | 33 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI-IX** | 8 | 141 | 72 | 69 | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / |

***Подрачно училиште/***

| **Одд.** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 1 | 10 | 6 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | 1 | 6 | 4 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | 1 | 12 | 9 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **I-III** | 3 | 28 | 19 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | 1 | 10 | 5 | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **V** | 1 | 13 | 6 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV-V** | 2 | 23 | 11 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI** | 1 | 8 | 3 | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VII** | 1 | 9 | 2 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI-VII** | 2 | 17 | 5 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VIII** | 1 | 5 | 3 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VII-VIII** | 2 | 14 | 5 | 9 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IX** | 1 | 6 | 2 | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VIII-IX** | 2 | 11 | 5 | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI-IX** | 4 | 28 | 10 | 18 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Материјално - финансиското работење во ООУ “Кочо Рацин” - Охрид се спроведува согласно Законот за Буџетите и буџетските корисници и Упатството за начинот на трезорското работење. Училиштето работи со три сметки: 903, 603 и 787.

Според Законот за финансирање на единиците на локалната единица и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, Општината добива средства - блок дотации од буџетот на РСМ. Истите се распределуваат на училиштата за да се обезбеди непречено одвивање на наставно - образовниот процес. Блок дотациите се користат преку сметката 903, од која се плаќаат: плати и придонеси од плати, комуналии и нафта за греење, средства за хигиена, материјални трошоци за поправка и одржување, весници и списанија, други материјали, превоз на ученици, наставни и нагледни средства, огласи, отпремнини и други потреби, кои се вметнати во финансовиот план.

На сопствената сметка 787 се собираат парични средства од користење на простор за градинка во централната зграда на училиштето. Истите се користат наменски, според финансовиот план, со соодветна разпределба според расходни конта.

Од сметката 603 не може да се плаќа без претходна согласност од Градоначалник. За оваа сметка планот го предвидува и изготвува Општината.

Училиштето во текот на годината изготвува финанскиски планови, според кои однапред се планираат средствата за потребите на училиштето.

За остварување на Годишниот план за јавни набавки се обезбедуваат средства во финансискиот план за тековната година. Годишниот план за јавни набавки се остварува доколку има потреба преку постапки утврдени со Законот за јавни набавки. Се применуваат Правилник и Закон за финансиско работење како и тендерски постапки на училиштето.

Преку донации и донаторски сметки се обезбедуваат средства за обновување на материјално - финансовиот план.

По изготвување на завршната сметка од страна на сметководителот во училиштето, истата се разгледува и усвојува од страна на Училишниот одбор. Усвоената завршна сметка се доставува до Општината, Централен регистар, Управа за јавни приходи и Државен завод за ревизија.

## 5. Мисија и визија

### -Мисија-

*Мисијата на училиштето, како воспитно- образовна институција чија цел е да ги образува учениците во насока на примена на своите знаења, вештини и навики, е да го поттикне и развие критичкото мислење и одговорноста кај учениците и да воспостави врски засновани врз меѓусебно уважување и почитување. Согласно со современите текови, кај учениците развиваме вештини кои ќе им помогнат целосно да се вклопат во животните процеси. Отворената и континуирана соработка со локалната самоуправа и со родителите, за вработените во училиштето и децата се синоним за отворен пристап кон воспитувањето, воспитување без предрасуди и стереотипи, сознавајќи ги светот и заедницата околу себе. Тоа е најсигурен начин учениците да ги ценат и практикуваат позитивните вредности во животот.*

*Мисија на нашето училиште*

*Мисијата на нашето училиште е да обезбеди квалитетно, современо и сеопфатно образование за сите ученици, без разлика на нивната етничка, социјална или културна припадност. Се залагаме за создавање на средина во која секој ученик ќе има можност да го достигне својот максимален потенцијал, преку:*

- ***Индивидуален пристап:*** *Секој ученик е различен и заслужува поддршка според своите потреби, интереси и способности. Наставниците се стремат да ги препознаат и развијат силните страни на секое дете.*

- ***Интеграција на дигитални и иновативни методи:*** *Користиме современи технологии и алатки за учење, со цел да го направиме образованието поинтересно, поефикасно и поинтерактивно.*
- ***Поттикнување на критичко размислување и креативност:*** *Учениците се охрабруваат да поставуваат прашања, да истражуваат, да решаваат проблеми и да размислуваат надвор од стандардните рамки.*
- ***Развивање на етички вредности и емпатија:*** *Образованието во нашето училиште не е само академско, туку и морално. Ги учиме учениците да бидат чесни, одговорни, солидарни и да ги почитуваат другите.*
- ***Вклучување на родителите и заедницата:*** *Веруваме дека успешното образование е резултат на заедничка работа меѓу училиштето, родителите и пошироката заедница. Ги вклучуваме родителите во сите важни процеси и ги поттикнуваме да бидат активни партнери во образованието на своите деца.*

*Нашата мисија е да создадеме генерации кои ќе бидат:*

- *Самоуверени и одговорни граѓани;*
- *Подготвени за понатамошно образование и животни предизвици;*
- *Способни да придонесат за подобро општество,да бидат чесни, одговорни и посветени, а со знаењата и вештините конкурентни во глобалниот свет, но пред сѐ успешни во својата земја.*

**-Визија-**

*Применувајќи современи и докажани наставни средства, техники, и методи, претставуваме институција која ги афирмира воспитните и образовните вредности. Целиме кон генерации кои ќе бидат потковани со знаења и вештини кои се круцијални за да се соочат со животните предизвици, спремни да превземат одговорност, и способни да го подобрат и променат светот. Ученици кои се сигурни во своите знаења,и кои ќе ги применуваат вредностите на кои биле подучени, ќе станат чесни и вредни припадници на општеството,*

*силни карактери кои ќе го докажат својот образовен потенцијал штом ќе почнат да работат за доброто на сите околу нив и ќе продолжат успешно да чекорат по патот кон успехот.*

*Визија на нашето училиште*

*Нашето училиште е современа, инклузивна и инспиративна образовна заедница која ги препознава и негува уникатните потенцијали на секое дете.Се стремиме да бидеме Да бидеме современо, иновативно и инспиративно училиште кое ќе го негува духот на знаењето, слободата и творештвото***.**

Стремиме кон училиштен амбиент во кој сите ученици ќе имаат можност да ги развијат своите таленти, критичко размислување и граѓанска свест, подготвени за предизвиците на иднината. *место каде што учениците ќе се чувствуваат безбедно, прифатено и мотивирано да учат, да истражуваат и да се развиваат како целосни личности. Нашата визија е да создадеме генерации кои се љубопитни, креативни, одговорни и подготвени за предизвиците на иднината.*

*Во нашето училиште, веруваме дека образованието не е само пренесување на знаење, туку и градење на вредности, развивање на критичко размислување и поттикнување на соработка. Сакаме да бидеме пример за училиште кое ги прифаќа новите технологии и иновации, но истовремено ги негува традиционалните вредности како почит, емпатија и солидарност.*
*Нашата визија е да бидеме училиште кое:*

- *Ги поттикнува учениците да размислуваат самостојно и креативно;*
- *Ги охрабрува да ги истражуваат своите интереси и таленти;*
- *Ги учи да ги почитуваат различностите и да соработуваат со другите;*
- *Ги подготвува за активно учество во општеството и за живот исполнет со учење и развој.*

## 6. Веќе научено/стекнати искуства

Во учебната 2025/2026 година, нашето училиште планира целосно и континуирано да ги реализира целите и задачите предвидени со Годишната програма, градејќи врз позитивните искуства и постигнувања од изминатите учебни години.

Наставните и воннаставните активности се организираат во согласност со воспитно-образовните приоритети, преку координирана работа на стручните тела (Наставнички совет, Одделенски совет, Стручни активи), планирање на ученички натпревари и спроведување активности за поддршка на психофизичкиот развој на учениците.

Континуирано се следи напредокот на учениците и квалитетот на наставниот процес, со посебен акцент на унапредување на ефективноста на наставата и усогласување на ученичките постигнувања со поставените цели.
Приоритет останува објективноста во оценувањето, поттикнување на лична одговорност кај учениците и професионална отчетност кај наставниот кадар.

Во согласност со современите образовни текови, ученикот и понатаму ја задржува централната улога во наставата, при што наставниот процес се адаптира на индивидуалните потреби и психомоторен развој на секој ученик.

Планираме продолжување и проширување на реализираните истражувања и проекти, кои во изминатата учебна година покажаа позитивно влијание врз целокупната образовна клима во училиштето. Истовремено, се поттикнува активно учество на ученици и наставници на натпревари од општинско, регионално и државно ниво, со цел унапредување на натпреварувачкиот дух и академските резултати.

Се продолжува и со интензивна меѓународна соработка преку учество во Еразмус+ и eTwinning проекти, како и преку продлабочување на партнерствата со училишта од Република Србија и Босна и Херцеговина, зацврстени со веќе потпишани меморандуми за соработка. Како резултат на ангажманот во овие програми, училиштето по втор пат ја доби Европската ознака квалитет eTwinning School 2025-2026, а наставничката Силвана Крстеска продолжува да делува како eTwinning амбасадор.

Во новата учебна година исто како и претходните години, наставниците ќе се активно вклучени во професионален развој преку обуки што промовираат

дигитални алатки, иновативни методи на работа и размена на добри практики. Овие активности придонесуваат за зголемување на нивната мотивација и професионална поврзаност, како и за поттикнување на учениците да се вклучуваат во домашни и меѓународни проекти.

Врз основа на научените лекции и стекнатите искуства, во учебната 2025/2026 година се планира дополнително унапредување на наставата преку постојано стручно усовршување на наставниот кадар, поттикнување на ученичката активност, целосна вклученост на родителите и поактивна промоција на училиштето во локалната и пошироката заедница.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

**„Проширување на соработката со меѓународни образовни институции“**

**Цел:**

- ✓ **Промоција на училиштето** на национално и меѓународно ниво, преку активно учество во проекти, платформи и мрежи за соработка.
- ✓ **Остварување на континуирана размена на искуства** и унапредување на практиките преку партнерства со домашни и странски образовни институции.
- ✓ **Стручно усовршување на наставниот кадар** преку директна соработка со меѓународни организации, обуки и мобилности.
- ✓ **Промовирање на интеркултурализам и развој на критичко мислење кај учениците**, со посебен акцент на разбирање и прифаќање на различни култури.
- ✓ **Поттикнување на учениците кон повисоки резултати** преку мотивирачко учење, активно учество во меѓународни активности и можности за личен раст и стекнување нови знаења и искуства.

**Очекувани резултати (исходи):**

- ✓ Изготвен и успешно применет **годишен план и програма за меѓународна соработка**.

- ✓ Зголемена **видливост на училиштето во меѓународни рамки** преку учество во програми како што се Erasmus+ и eTwinning.
- ✓ **Активирање на наставниците** преку поголем интерес и вклучување во меѓународни образовни иницијативи.
- ✓ **Регистрација на наставници на eTwinning платформата** и нивна активна вклученост во заедници на практика.
- ✓ **Обучени наставници и мотивирани ученици** кои се подготвени да преземаат улога во реализација на проекти.
- ✓ **Остварени партнерства** со домашни и странски училишта преку потпишани меморандуми и заеднички активности.
- ✓ **Размена на добри практики**, унапредени наставни методи и применливи стратегии во наставата.
- ✓ **Подобрена училишна клима**, зголемена мотивација кај учениците и наставниците, и современа, интерактивна и инклузивна настава.
- ✓ **Активно учество на учениците во иницијативи**, давање предлози за позитивни промени, поттикнување демократска партиципација и унапредување на меѓуетничката интеграција.
- ✓ **Зајакната хоризонтална и вертикална соработка** помеѓу наставниците од различни предметни подрачја.

**Клучни задачи:**

- ✓ Изработка и имплементација на **годишен план за активности поврзани со меѓународна соработка**.
- ✓ **Информирање и обука на наставниците** за различни видови и механизми на меѓународна образовна соработка.
- ✓ Поддршка и иницирање на **регистрација и активна употреба на eTwinning платформата** од страна на сите наставници.
- ✓ **Запознавање со можностите на Erasmus+ програмата** и вклучување во соодветни проекти.

- ✓ Продлабочување и проширување на **постојната соработка со збратимените училишта**:
    - ООУ „Веселин Маслеша“ – Белград
    - ООУ „Веселин Маслеша“ – Фоча
- ✓ Иницирање на **нови партнерства со други основни училишта** од регионот и Европа.
- ✓ **Вклучување на талентирани и надарени ученици** во меѓународни конкурси, натпревари и креативни проекти, со соодветна менторска поддршка.

Овој стратешки приоритет претставува значаен чекор кон градење на модерно, отворено и европски ориентирано училиште, подготвено да одговори на предизвиците на новото време и да обезбеди квалитетно образование за секој ученик.

| **Активност** | **Индикатор за успех** | **Носител на активност а** | **Временска рамка за имплемент ација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализациј а на активност ите** |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвувањ е програма и акционен план | Изготвен и применлив план и програма | Тим | Јули 2025 | Компјутер | Тим |
| Работилни ци, презентаци | Пројавен интерес на наставници | Тим и наставници кои се веќе | Прво полугодие 2025/2026 | Компјутер, проектор, презентаци | Тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| и | те за вклучување во активности за меѓународна соработка | вклучени во проекти | | ја | |
| Регистрирање на еТвининг платформата | Регистрирани наставници на еТвининг платформата | Силвана Крстеска, наставници | Учебна 2025/2026 | Компјутер, еТвининг платформа | Тим |
| Обуки и работилници | Обучени наставници | Силвана Крстеска, тим наставници | Учебна 2025/2025 | Компјутер, еТвининг платформа, други социјални мрежи | Тим |
| Средби со претставници од збратимените училишта | Проширување на соработката, заеднички активности | Директор, наставници | Учебна 2025/2026 | Зависно од планираните активности | Тим |
| Учество на надарени и талентиран | Промоција на училиштет | Сите наставници | Учебна 2025/2026 | Зависно од планиранит е | Тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| и ученици на меѓународни конкурси, проекти, натпревари | о во меѓународни рамки | | | активности | |

**„Превземање на активности за намалување на осипувањето на ученици “**

**Цел:**

- ✓ **Подобрување на имиџот и препознатливоста на училиштето** преку интензивна и стратешка промоција во заедницата и пошироко.
- ✓ **Имплементирање на кампањи за привлекување на нови ученици**, преку транспарентна презентација на наставната понуда, условите за работа и постигнатите резултати.
- ✓ **Организирање на Отворени денови** за родители/старатели и идни ученици, со цел подобро информирање, вклучување и градење доверба.
- ✓ **Изработка и дистрибуција на промотивен материјал (брошури, флаери, видеа)** кој ги презентира потенцијалите на училиштето, наставниот кадар, активностите и проектите.

**Очекувани резултати (исходи):**

- ✓ **Зголемен број на запишани ученици** преку зголемена заинтересираност од страна на родителите и учениците.
- ✓ **Понуда на квалитетна настава и динамични вонnаставни активности**, кои ја истакнуваат разноликоста и инклузивноста на училиштето.
- ✓ **Активно вклучување на училиштето во меѓународни образовни проекти**, што дополнително ја зајакнува неговата атрактивност и европска ориентација.

- ✓ **Ангажман на сите вработени** во процесот на промоција на училиштето, со што се гради заедничка визија и колективна одговорност.

**Клучни задачи:**

- ✓ Изработка на **годишен акционен план и програма за активности насочени кон задржување и привлекување ученици**.
- ✓ **Информирање и вклучување на наставниот кадар** во процесот на реализација на промотивните активности, со јасно дефинирани улоги и одговорности.
- ✓ **Промоција на постигнувањата на талентирани ученици** преку учество на меѓународни натпревари, проекти и конкурси, со соодветна медиумска видливост.
- ✓ **Активна медиумска промоција** на училиштето преку локални медиуми, социјални мрежи и дигитални платформи, со цел да се прикаже динамичноста, отвореноста и успехот на училиштето.

Овие активности претставуваат основа за изградба на позитивен углед на училиштето, создавање доверба кај родителите и учениците, како и долгорочно намалување на осипувањето преку континуирана грижа за квалитет и инклузивност во воспитно-образовниот процес.

| **Активност** | **Индикатор за успех** | **Носител на активноста** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење на реализација на активностите** |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување програма и акционен | Изготвен и применлив план и | Тим | Јули 2025 | Компјутер | Тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| план | програма | | | | |
| Работилници, презентации и отворени денови | Пројавен интерес на наставниците за вклучување и реализирање на отворени денови | Тим и наставници стручна служба | Во текот на учебната година 2025/2026 | Компјутер, проектор, презентација | Тим |
| Промовирање на учииштето | Наставници задолжени за објавување | Веб страна на училиштето, социјални мрежи | Учебна 2025/2026 | Компјутер, | Тим |
| Учество на надарени и талентирани ученици на меѓународни конкурси, проекти, натпревари | Промоција на училиштето во меѓународни рамки | Сите наставници | Учебна 2025/2026 | Зависно од планираните активности | Тим |

**„Промовирање на нови вонnаставни активности и практики кои позитивно влијаат на менталното здравје и превентивно делуваат за спречување секакви облици на врсничко насилство“**

**Цел:**

Создавање поддржувачка, безбедна и инклузивна училишна средина преку развој и имплементација на воннаставни активности што го поттикнуваат менталното здравје на учениците и спречуваат врсничко насилство.

Подигање на свеста кај учениците, наставниците и родителите за важноста на менталната добросостојба, емпатијата и меѓусебната поддршка.

Интегрирање на превентивни образовни програми и работилници кои ги развиваат социјалните вештини и ја поттикнуваат ненасилната комуникација и решавање конфликти.

**Очекувани резултати (исходи):**

- Подобрена психо-социјална клима во училиштето, каде секој ученик се чувствува прифатен, безбеден и слушнат.
- Намалување на инциденти поврзани со врсничко насилство преку континуирана едукација и вклучување на учениците во активности што градат доверба и соработка.
- Зголемена вклученост на учениците во воннаставни програми кои поддржуваат личен развој, емоционална интелигенција и тимска работа.
- Поголема соработка со родители, стручни служби и надворешни организации за поддршка на менталното здравје и превенција на насилство.

**Клучни задачи:**

- Изработка и имплементација на програма за вonнаставни активности насочени кон унапредување на менталното здравје (арт-терапија, спортски клубови, музичко/драмско студио, mindfulness и сл.).
- Организирање редовни работилници за ученици на теми како што се емоционална писменост, самодоверба, справување со стрес и препознавање/реагирање на насилство.
- Формирање ученички клубови за поддршка на менталното здравје и култура на ненасилство, со активна улога во предлагање и спроведување активности.
- Обука на наставниот кадар за препознавање на индикатори на психо-социјални тешкотии и методи за ненасилна комуникација и посредување при конфликт.
- Воспоставување на соработка со психолози, педагози, НВО и институции кои работат на полето на ментално здравје и превенција на насилство.
- Спроведување на истражувања (анкети, фокус групи) за следење на ученичката добросостојба и ефикасноста на применетите активности.

Овие активности придонесуваат за целосен развој на учениците, превенција на ризични однесувања и градење на позитивна училишна култура, што е основа за здраво учење, соработка и взаемна почит.

| Активност | Индикатор за успех | Носител на активноста | Временска рамка за имплементација | Ресурси | Тим за следење на реализација на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување програма и акционен план за активности поврзани со менталното здравје и превенција на | Изготвен и усвоен акционен план | Тим (педагошко-психолошка служба, координатори, | Јули 2025 | Компјутер, печатење | Тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| насилство | | директор) | | | |
| Организирање на работилници за ученици на теми: емоции, самодоверба, справување со стрес и насилство | Зголемена свест кај учениците; позитивни повратни информации | Стручна служба, класни раководители | Септември 2025 – јуни 2026 | Материјали за работилници, простор, проектор | Тим |
| Формирање клубови за ментално здравје и ненасилна комуникација | Формирани активни клубови со редовни активности | Наставници-ментори, ученици | Октомври 2025 – јуни 2026 | Материјали, простор за состаноци | Тим |
| Едукација на наставен кадар за препознавање и справување со психо-социјални тешкотии кај ученици | Обучени наставници; спроведени обуки | Стручна служба, надворешни експерти | Ноември – декември 2025 | Надворешни соработници, презентации | Тим |
| Кампања „Учиме да бидеме поддршка“ – постери, настани, активности во училиште | Видливост на активности, вклученост на ученици | Тим, наставници, ученици | Ноември 2025 – мај 2026 | Канцелариски материјали, принтер, постери | Тим |
| Воспоставување соработка со НВО и институции за поддршка на менталното здравје | Реализирани минимум 3 партнерски активности | Тим, раководство | Учебна 2025/2026 | Контакти, логистика | Тим |
| Спроведување анкети за следење на психо-социјалната клима | Анализирани резултати и предложени мерки | Стручна служба | Јануари и јуни 2026 | Анкети, ИКТ поддршка | Тим |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

| Приоритет | Критериуми за успех | Инструменти за следење | Индикатори за успешност | Одговорни лица/Тим | Повратна информација и анализа |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Проширува** | - Зголемен број на | - Документи за соработка | - Извештаи од учество | Директор, координатор | Анализа на придобивките |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ње на соработката со меѓународни образовни институции** | меѓународни партнерства<br>- Учество во проекти, размени, натпревари<br>- Учество на ученици и наставници во заеднички активности | - Извештаи од реализирани активности<br>- Евиденција за учество | - Број на реализирани меѓународни активности<br>- Фото и видео документација | за меѓународна соработка, наставници по странски јазици и други вклучени наставници | од соработката, извештај до Наставничкиот совет |
| **2. Превземање на активности за намалување на осипувањето на ученици** | - Намален број на осипани ученици<br>- Реализирани промотивни кампањи<br>- Организирани Отворени денови<br>- Зголемено учество на родители | - Формулари за планирање и следење<br>- Евиденција за бројот на ученици<br>- Анкети за задоволство<br>- Педагошка евиденција | - Училишна статистика<br>- Извештаи од стручната служба<br>- Видео/фото записи од настаните | Стручни соработници, класни раководители, тим за промоција | Анализа на трендот на запишани и осипани ученици; извештај со предлог-мерки |
| **3. Промовирање на нови воннаставни активности и практики** | - Над 90% од наставниците вклучени во вакви активности | - Протоколи од час<br>- Формулари за самовреднување<br>- Евиденција | - Наставничко портфолио<br>- Ученичко е-портфолио<br>- Фото/видео материјали<br>- Извештаи од | Стручна служба, наставници-ментори, тим за ментално здравје | Анализа на влијанието врз ученичката клима; писмени извештаи и препораки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **кои позитивно влијаат на менталното здравје и превентивно делуваат за спречување секакви облици на врсничко насилство** | - Формирани ученички клубови<br>- Реализирани работилници и кампањи<br>- Видлива вклученост на ученици | од клубови и работилници | клубови и активности | | |

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

### *8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште*



I ПОЛУГОДИЕ

СЕПТЕМВРИ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| II | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| III | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| IV | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| V | 29 | 30 | | | | | |

ОКТОМВРИ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| VI | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| VII | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| VIII | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| IX | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

НОЕМВРИ

| раб отна сед | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IX | | | | | | 1 | 2 |
| X | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| XI | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| XII | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| XIII | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

ДЕКЕМВРИ

| раб отн | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XIV | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| XV | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| XVI | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| XVII | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | |
| XVIII | 29 | 30 | 31 | | | | |

II ПОЛУГОДИЕ

ЈАНУАРИ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| XIX | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| XX | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

ФЕВРУАРИ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XX | | | | | | | 1 |
| XXI | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| XXII | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| XXIII | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| XXIV | 23 | 24 | 2 | 26 | 27 | 28 | |

МАРТ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XXIV | | | | | | | 1 |
| XXV | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| XXVI | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| XXVII | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| XXVIII | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |

АПРИЛ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XXIX | 30 | 31 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| XXX | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| XXXI | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| XXXII | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| XXXIII | 27 | 28 | 29 | 30 | | | |

МАЈ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XXXIII | | | | | 1 | 2 | 3 |
| XXXIV | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| XXXV | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| XXXVI | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| XXXVII | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

ЈУНИ

| работна седмица | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XXXVIII | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| XXXIX | 8 | 9 | 10 | | | | |

| | П | В | С | Ч | П | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I ПОЛУГОДИЕ | 16 | 18 | 18 | 16 | 17 | 85 |
| II ПОЛУГОДИЕ | 18 | 21 | 21 | 20 | 15 | 95 |
| ВКУПНО | 34 | 39 | 39 | 36 | 33 | 180 |

2025/2026

ООУ 'Кочо Рацин' Охрид

| НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ | |
|---|---|
| **За сите граѓани**<br>• Јануари 01 – Нова Година<br>• Јануари 07 - Божик, првиот ден на Божик според православниот календар<br>• Март 31 –Рамазан Бајрам,прв ден на Рамазан Бајрам<br>• Април21 - Велигден, вторио т ден на Велигден според православниот календар<br>• Мај 01 - Ден на трудот<br>• Мај 24 - Св. Кирил и Методиј – Ден на сесловенските просветители<br>• Септември 8 - Ден на независноста<br>• Октомври 11 - Ден на народното востание<br>• Октомври 23 - Ден на Македонската Револуционерна Борба<br>• Декември 8 - Св. Климент Охридски | **Православнавероисповед**<br>• Јануари 06 - Бадник, ден пред Божик<br>• Јануари 19 - Богојавление (Водици)<br>• Април18 – Велики Петок, петок пред Велигден<br>• Јуни 6 - Духовден, петок пред Духовден<br>• Август 28 -Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).<br>**Муслиманска вероисповед**<br>• Јуни 7 – Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам<br>**Албанската заедница во РМ**<br>• Ноември 22 Ден на Албанската азбука,<br>**Српската заедница во РМ**<br>• Јануари 27 – Свети Сава |

---

| ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР | | | |
|---|---|---|---|
| **16 септември** | Светски ден за заштита на озонската обвивка | **18 март** | Светски ден за рециклирање |
| **22 септември** | Меѓународен ден без автомобили | **21 март** | Меѓународен ден на шумите , Меѓународен ден на дрвото |
| **08 октомври** | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата | **22 март** | Светски ден за заштита на водите |
| **14 октомври** | Меѓународен ден за Е-отпад | **23 март** | Часот на планетата Земја |
| **11 декември** | Меѓународен ден на планините | **22 април** | Ден на планетата Земја |
| **03 март** | Светски ден на дивиот свет | **15 мај** | Светски ден за заштита на климата |
| **14 март** | Меѓународен ден на реката | **5 јуни** | Светски ден за заштита на животната средина |
| **Ден на акција на еко-училиштата – се реализира два пати во текот на една учебна година** | | | |

## *8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите*

| Ред. бр. | Училиште | Одд. | Број на ученици | Класен/одделенски раководител |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | ООУ„Кочо Рацин„-Охрид | I-1 | 13 | Елена Китески |
| | | I-2 | 14 | Магдалена Чалоска |
| | | II-1 | 19 | Елизабета Наумовска |
| | | II-2 | 15 | Мени Алексиеска |
| | | III-1 | 27 | Виолета Петковска |
| | | IV-1 | 18 | Наставник на определено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | работно време |
| | | IV-2 | 19 | Елена Димоска |
| | | V-1 | 15 | Светлана Жилеска |
| | | V-2 | 15 | Весна Р.Николова |
| | | VI-1 | 23 | Силвана Крстеска |
| | | VI-2 | 23 | Наум Јанкулоски |
| | | VII-1 | 12 | Татјана Лошкоска |
| | | VII-2 | 13 | Јованка Анѓелкоска |
| | | VIII-1 | 15 | Бобан Блажески |
| | | VIII-2 | 14 | Наташа Неданоска |
| | | IX-1 | 22 | Фила В.Стојковска |
| | | IX-2 | 19 | Лидија Јевтовиќ |
| **2.** | ПУ. ООУ„Кочо Рацин„ Лакочереј | I-3 | 10 | Соња Милеска |
| | | II-3 | 6 | Биљана Т.Стојановска |
| | | III-3 | 12 | Милена Танеска |
| | | IV-3 | 10 | Биљана Каланоска |
| | | V-3 | 13 | Анкица Цуцулоска |
| | | VI-3 | 8 | Емилија Митреска |
| | | VII-3 | 9 | Александра Рошкоска |
| | | VIII-3 | 5 | Елизабета Великоска |
| | | IX-3 | 6 | Јулија Крстева |

*Распоредот на часови и поделбата на часови за наставниот кадар се во делот прилози.

### *8.3. Работа во смени*

Во новата учебна година 2025/2026 година централното и подрачното училиште ќе работат една смена-претпладне..

**Распоред на ѕвонење на часови во ООУ„Кочо Рацин“-Охрид**

**Распоред на ѕвонење за одделенска настава во централното училиште**

| Час | Време на почнување | Време на завршување | Одмор |
|---|---|---|---|
| **1.** | 08:00 | 8:40 | 5 мин. |
| **2.** | 8:45 | 9:25 | 5 |
| | 9:25 | 9:55 | 30 одмор |
| **3.** | 9:55 | 10:35 | 5 |
| **4.** | 10:40 | 11:20 | 5 |
| **5.** | 11:25 | 12:05 | 5 |
| **6.** | 12:10 | 12:50 | 5 |
| **7.** | 12:55 | 13:35 | / |

**Распоред за ѕвонење во предметна настава во централното училиште**

| Час | Време на почнување | Време на завршување | Одмор |
|---|---|---|---|
| **1.** | 08:00 | 8:40 | 5 мин. |
| **2.** | 8:45 | 9:25 | 5 |
| | 9:30 | 10:10 | 5 |
| **3.** | 10:10 | 10:35 | 30 одмор |
| **4.** | 10:40 | 11:20 | 5 |
| **5.** | 11:25 | 12:05 | 5 |
| **6.** | 12:10 | 12:50 | 5 |
| **7.** | 12:55 | 13:35 | / |

**Распоред на ѕвонење во одделенска и предметна настава во подрачното училиште**

| Час | Време на почнување | Време на завршување | Одмор |
|---|---|---|---|
| **1.** | 08:00 | 8:40 | 5 мин. |
| **2.** | 8:45 | 9:25 | 5 |
| | 9:25 | 9:55 | 30 одмор |
| **3.** | 9:55 | 10:35 | 5 |
| **4.** | 10:40 | 11:20 | 5 |
| **5.** | 11:25 | 12:05 | 5 |
| **6.** | 12:10 | 12:50 | 5 |
| **7.** | 12:55 | 13:35 | / |

### *8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата*

| Број на паралелки | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| | 26 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 375 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 44 | / | / | / | / |

### *8.5. Проширена програма*

Во училиштето се организира проширена програма, која опфаќа организирање прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава (прифаќањето и заштитата на учениците ќе се организира од страна на наставниците кои предаваат во прво, второ и трето одделение, доколку за тоа има интерес од страна на родителите).

*Програмата за прифаќање на учениците од прво до трето одделение еден час пред почетокот на наставните часови и еден час по завршување на наставните часови и е во делот Прилози.

### *8.6. Комбинирани паралелки*

Во ООУ„Кочо Рацин“ Охрид нема комбинирани паралелки.

### *8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Во училиштето прв задолжителен странски јазик е англискиот јазик кој се реализира во 26 паралелки и се опфатени учениците од прво до деветто одделение, додека како втор задолжителен јазик е избран гермаскиот јазик и истиот се реализира во 12 паралелки, а се опфатени учениците од шесто до деветто одделение.

### *8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

Согласно законот во училиштето се реализира тандем настава.

Наставник: Наумче Јанкулоски,Христијан Јованоски,Александра Алексиеска и Дарко Силјаноски

| Паралелки | Училиште | Тандем наставници |
|---|---|---|
| **I** | Централно училиште<br><br>Подрачно училиште | ✓ Магдалена Чалоска и Елена Китески одделенски наставници<br>✓ Наставник по ФЗО на определено работно време<br>✓ Соња Милеска одделенски наставник<br>✓ Наставник по ФЗО на определено работно време |
| **II** | Централно училиште<br><br>Подрачно училиште | ✓ Елизабета Наумоска и Мени Алексиоска одделенски наставници<br>✓ Наставник на определено работно време<br>✓ Биљана Тодева Стојаноска одделенски наставник<br>✓ Наставник по ФЗО на определено работно време |
| **III** | Централно училиште | ✓ Виолета Петкоска одделенски наставник<br>✓ Наставник по ФЗО на определено работно време<br>✓ Милена Танеска одделенски наставник |

| | | |
|---|---|---|
| | Подрачно училиште | ✓ Наставник по ФЗО на определено работно време |
| **IV** | Централно училиште<br><br>Подрачно училиште | ✓ Наставник на определено работно време и Елена Димоска одделенски наставници<br>✓ Наставник на определено работно време<br>✓ Билјана Каланоска одделенски наставник<br>✓ Наставник на определено работно време |
| **V** | Централно училиште<br><br>Подрачно училиште | ✓ Светлана Жилеска и Весна Н. Речкоска одделенски наставници<br>✓ Наставник на определено работно време<br>✓ Анкица Цуцулоска одделенски наставник<br>✓ Наставник на определено работно време |

### *8.9. Изборна настава*

На крајот од месец април, во рамки на планираните активности за изборната настава, училиштето спроведува анонимен прашалник со цел навремено формирање на листата на слободни изборни предмети кои ќе се реализираат во наредната учебна година.

Стручната служба изготвува и дистрибуира анкети преку Microsoft Forms, наменети за учениците од четврто до деветто одделение. Преку оваа активност се добиваат податоци за интересите и афинитетите на учениците, кои понатаму служат како основа при креирањето на понудата на изборни предмети.

Анонимноста и доброволноста на учениците се целосно почитувани, а нивното искрено учество овозможува изборната настава да биде поусогласена со нивните потреби и развојни цели.

| Одделение | Изборни предмети кои ќе се изучуваат во учебната 2025/2026 година | Наставници кои ќе ги реализираат |
|---|---|---|
| **IV-1** | Велосипедизам | Наставник на определено работно време |
| | Природните убавини на мојата татковина | Наставник на определено работно време |
| **IV-2** | Велосипедизам | Елена Димоска |
| | Природните убавини на мојата татковина | Елена Димоска |
| **IV-3** | Моделарство, креативни идеи-направи сам | Јулиа Крстева |
| | Велосипедизам | Јулиа Крстева |
| **V-1** | Изработка од хартија-оригами | Светлана Жилеска |
| | Цртање,сликање, вајарство | Светлана Жилеска |
| **V-2** | Изработка од хартија-оригами | Весна Речкоска |
| | Цртање,сликање, вајарство | Весна Речкоска |
| **V-3** | Изработка од хартија-оригами | Анкица Цуцулоска |
| | Цртање,сликање, вајарство | Анкица Цуцулоска |
| **VI-1** | Глобално учење и набљудување во полза на животната средина | Ленче Грунческа |
| | Религии во светот | Јованка Анѓелкоска |

| | | |
|---|---|---|
| **VI-2** | Религии во светот | Јованка Анѓелкоска |
| | Глобално учење и набљудување во полза на животната средина | Ленче Грунческа |
| **VI-3** | Техничко цртање и дизајнирање | Јулиа Крстева |
| | Архитектура и градежништво | Јулиа Крстева |
| **VII-1** | Лековити, зачински и ароматични растенија Живите организми и животната средина | Татјана Лошкоска |
| | Глобално учење и набљудување во полза на животната средина | Татјана Лошкоска |
| **VII-2** | Глобално учење и набљудување во полза на животната средина | Татјана Лошкоска |
| | Лековити, зачински и ароматични растенија Живите организми и животната средина | Татјана Лошкоска |
| **VII-3** | Лековити, зачински и ароматични растенија | Ленче Грунческа |
| | Живите организми и животната средина | Ленче Грунческа |
| **VIII-1** | Основи на веб-развој | Благоја Ристески |
| | Вештачка интелигенција | Јулиа Крстева |
| **VIII-2** | Вештачка интелигенција | Јулиа Крстева |
| | Основи на веб-развој | Благоја Ристески |
| **VIII-3** | Основи на веб-развој | Јулиа Крстева |
| | Вештачка интелигенција | Јулиа Крстева |
| **IX-1** | Проекти од ликовна уметност | Богоја Мојсоски |

| | | |
|---|---|---|
| **IX-2** | Проекти од ликовна уметност | Богоја Мојсоски |
| **IX-3** | Проекти од музичка уметност | Игор Стефаноски |

### *8.10. Дополнителна настава*

Дополнителната настава е задолжителна и за наставниците и за учениците и се реализира според однапред подготвен распоред кој е достапен на увид на родителите.

Дополнителната настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети, за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот.

Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците.

За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот во рок од три дена од констатирањето на потребата.

Групите ќе бидат променливи по состав и број а ќе зависат од потребите на самите ученици. Времетрањето на часовите ќе биде флексибилно, заради специфичноста на овој вид настава за секој ученик неопходно ќе се применуваат индивидуални форми на работа или работа во тандеми и микро групи, а поретко и фронтална работа и со учениците од групата.

Дополнителна настава организираме и по завршувањето на наставната година за оние ученици кои покажале негативни резултати по еден или два наставни предмети. Дополнителната настава во училиштето се реализира согласно проценката од страна на наставниот и стручен кадар за постигнувањата и можностите на учениците, со цел подобрување на истите. Распоредот и вклученоста на учениците зависи од детектираните потреби.

*Програмата следува во прилог.

### *8.11. Додатна настава*

Се организира за ученици кои во тек на редовната настава кои постигнуваат натпросечни резултати и оние кои се пројавуваат и потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставникот е должен да им ја понуди на учениците додатната настава, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

Во реализацијата на додатната настава ќе се применуваат најразлични форми и методи на работа како: индивидуализирана, тандем, проблемска, изградување на систем и постапки за истражувачки активности, експериментирање, работа врз одделни проекти и др.

Додатна настава се организира од II до IX одделение за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Учениците кои покажуваат поголем интерес, знаења, талент, вештини за одредена област се упатуваат на додатна настава, со цел да ги продлабочат и прошират своите знаења. Исто така на додатна настава се упатуваат ученици на кои им е потребна подготовка за претстојните натпревари во текот на учебната година. Наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците сами одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Оваа настава, по правило, се организира во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава (по редовната настава). Се одржува еден час во текот на неделата или 36 часа во текот на една учебна година.

Реализацијата на додатната  настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник.

| Процедура за додатна настава | | | |
|---|---|---|---|
| Чекори | Активност | Целна група | Реализатор |
| 1. | Планирање на додатната настава, материјално-техничките услови и соодветни дидактички материјали | Наставници, ученици, Директор, стручна служба | Одделенски и предметни наставници |
| 2. | Информирање и понуда на учениците за следење на додатна настава од одредена област | Ученици, родители | Одделенски и предметни наставници |
| 3. | Идентификување на учениците | Надарени и | Одделенски и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | талентирани ученици | предметни наставници |
| 4. | Изготвување на програма според потребите на учениците и распоред за додатна настава | Наставници, ученици, Директор, стручна служба, МОН | Одделенски и предметни наставници |
| 5. | Реализирање на програмата | Ученици, наставници | Одделенски и предметни наставници |
| 6. | Следење на напредокот на ученикот и информирање на родителите | Наставници, ученици, родители | Одделенски и предметни наставници |
| 7. | Водење педагошка евиденција за додатна настава | Наставници, директор, стручна служба, МОН | Одделенски и предметни наставници |

*Програмата следува во прилог.

### *8.12. Работа со надарени и талентирани ученици*

Надарените деца ги надминуваат просечните со интелектуалните особини, со желбата за знаење, со оргиналноста, со насоченоста на своите цели и со упорноста, со смислата за хумор и со здраво расудување. Тие не се само емоционално супериорни, туку и телесно се поразвиени, позрели се социјално и емоционално и во секој поглед се посамостојни.

Надареноста е своевиден склоп на особини кои му овозможуваат на поединецот на продуктивен, (или непродуктивен) начин да постигнува доследно изразито надпросечен успех во една или повеќе области на човечките дејности, а е условена од висок степен на одделни способности.

Во ситуација кога се констатира дека поедини ученици се истакнуваат над другите со своите способности и вештини, а постојните наставни планови и програми не можат да ги задоволат нивните интереси, ќе се применува посебна програма за работа со надарени и талентирани ученици. Согласно природата на нивната надареност ќе се работи индивидуално со цел задоволување на нивните потреби и интереси.

*Програмата следува во прилог.

## *8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби*

Директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план.

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции

Во училиштето е формиран инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште за ученици со попреченост. Училишниот инклузивен тим е со мандат од три учебни години и е составен од седум члена и тоа:

1. Славица Котеска-директор
2. Сања Наковска-психолог
3. Томчо Алексоски-педагог
4. Виолета Петкоска-одделенски наставник
5. Милена Танеска-одделснки наставник
6. Воскре Тужароска-родител
7. Андријана Стефаноска-Специјален едукатор и рехабилитатор дефектолог

Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа во училиштето.

Инклузивниот тим има за задача заедно со инклузивните тимови поединечно за секој ученик со ПОП да подготви индивидуален образовен план -ИОП или модифицирана програма  во кој ќе бидат опфатени можностите и способностите на ученикот. Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от, а на барање на родителите и почесто, и по потреба врши дополнување и нивна корекција.
Училишниот инклузивен тим изработува Програма за деца со потешкотии и посебни потреби и Програма за инклузивен тим за образование, согласно кои ги

планира и спроведува активностите на ниво на целото училиште за сите видови поддршка на учениците со посебни потреби (ученици со попреченост, ученици со нарушување во однесувањето, со емоционални проблеми, со специфични тешкотии во учењето, ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни или јазични деприивирани средини).

*Програмата следува во прилог.

### *8.14. Туторска поддршка на учениците*

Училиштето може да обезбеди и дополнителна подршка за учениците,по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година, но по претходна добиена писмена согласност од родителот-старателот.Дополнителната подршка ја реализира тутор-волонтер според Програмата за обезбедување на туторство на ученици во основното образование утврдена од МОН.Тутор волонтер може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и ги исполнува критериумите за избор на тутор-волонтер .Оваа подршка училиштето ќе ја организира доколку има интерес за тоа.

### *8.15. План на образовниот медијатор*

Образовниот медијатор го ангажира општината по претходно објавен оглас. Податоци во вркса со образовниот медијатор училиштето добива на средината од месец октомври.

## 9. Вонннаставни активности

Вонннаставните активности го промовираат севкупниот развој на учениците, вклучувајќи го социјалниот, емоционалниот, физичкиот и когнитивниот раст. Учеството во овие активности им помага на учениците да научат тимска работа, соработка и комуникација, подобрувајќи ги нивните социјални вештини. Вклученоста во воннастаавните активности обезбедуваат можности за учениците да формираат пријателства и да градат односи надвор од нивната редовна средина во училницата.

Вонннаставните активности се организираат во согласност со Националите стандарди за постигнувања, а со цел поддршка на личниот, социјалниот и културниот живот на учениците.
Учениците самостојно одбираат во кои активности, надвор од редовната настава ќе се вклучат и ќе ги развиваат своите афинитети, знаења, вештини, ставови.

При планирање, организирање и спроведување на воннаставни активности, нашето училиште гарантира дека примарна цел е да им помогне на учениците да ги стекнат знаењата, вештините и вредностите наведени со Националните стандарди за основно образование. Ова е особено важно за области кои не се доволно опфатени со редовни наставни активности.

Програмата на училиштето вклучува различни воннаставни активности за задоволување на индивидуалните интереси и за развивање на способностите на учениците за колаборативна работа, а со тоа зајакнување на меѓусебната доверба и толеранција преку социјалните интеракции во слободното време.

Овие активности создаваат можности за учениците да се вклучат и да ги покажат своите достигнувања во областите од интерес, без оглед на нивната изведба на редовната настава. Личниот интерес на ученикот е од примарна важност при изборот на воннаставни активности.

*План на воннаставните активности кои ќе се реализираат оваа година во нашето училиште е даден во прилози.

### *9.1. Училиштни спортски клубови*

Училишниот спортски клуб е основан на 20.02.2024 со деловоден број 30320240000217 од 04.04.2024 година.

Претседател на училишниот спортски клуб е наставникот по физичко и здравствено образование Наум Јанкулоски.
Здружението, УСК ТОП ТИМ, од областа на спортот е формирано за остварување

на заеднички цели и интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците на ООУ „ Кочо Рацин ” во Охрид.

Како посебни цели и задачи се утврдуваат :

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско- рекреативните активности на учениците во ООУ „ Кочо Рацин ” - Охрид;
- Развивање и усовршување на системот на натпревари училишните екипи;
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт;
- Се грижи за здравствената заштита на спортистите-членови на клубот;
- Го стимулира развојот на секциите и спортски школи во рамките на клубот;
- Стручно усовршување на своето членство,
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила,прописи, договори и сл.;
- Соработува со другите спортски организации, секции и клубови;
- Пропаганда и афирмација на спортот во општината и пошироко.

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, здружение УСК ТОП ТИМ ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се во: кошарка, одбојка, фудбал, ракомет, пливање, стрелаштво, планинарство, теннис, пинг-понг и други спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриват своите спортски склоности и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Република Македонија. За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

*План на активностите на училиштниот клуб кои ќе се реализираат оваа година во нашето училиште е даден во прилози.

### *9.2. Секции/клубови*

Секциите и клубовите создаваат чувство на заедница меѓу учениците со слични интереси, поттикнувајќи пријателства и поддржувачка средина за учење. Учеството во различни ученички секции и клубови игра клучна улога во личниот развој и образовниот раст. Секциите ја разгоруваат љубопитноста и страста на студентите за научно истражување надвор од стандардната наставна програма, помагајќи им да откријат љубов кон науката. Овие клубови обезбедуваат практични искуства и практична примена на научни концепти, зајакнувајќи го учењето во училницата и правејќи ги апстрактните идеи поопипливи. Исто така, промовираат критичко размислување, решавање проблеми и аналитички вештини додека учениците се справуваат со различни научни предизвици и експерименти. Често вклучуваат групни проекти и експерименти, учејќи ги учениците како ефективно да работат во тимови и да соработуваат на сложени задачи.

При организирањето на овие активности, принципот на слободен избор на учениците е од фундаментално значење. Работата на секциите ќе се одвива по однапред изготвена програма од одделенските наставници, каде се одредени содржините за работа и времето за реализација, а знаењата добиени од работата во секциите ќе бидат презентирани на приредбите и прославите, на натпреварите и квизовите што училиштето ќе ги организира во рамките на одделението, училиштето и пошироко.

*План на секциите кои ќе се реализираат оваа година во нашето училиште е даден во прилози.

## 9.3. Ученички акции

Организирањето акции и активности е од клучно значење за одржување на поволна училишна клима и хармонија. Со реализација на активностите и содржините од ова структурално подрачје ќе се настојува кај учениците:

- Да се поттикне чувство на припадност и заедница кај учениците,
- Учење на вредноста на придонесот за општото добро;
- Влевање чувство на одговорност и емпатија кај учениците;

- Да учат за социјалните прашања и ја разбираат нивната улога во справувањето со различни предизвици;
- Да развиваат широк опсег на вештини, вклучувајќи лидерство, тимска работа, решавање проблеми, комуникациски и организациски вештини;
- Да ја учат важноста на вредностите како што се добрината, великодушноста и граѓанската должност;
- Промовирање личен раст преку охрабрување на учениците да излезат од нивните комфорни зони, да се соочат со нови предизвици и да ги откријат своите силни страни и интереси.

Овие активности се усогласуваат со Националните образовни стандарди и наведените компетенции, овозможувајќи им на учениците да стекнат знаења, вештини и ставови/вредности во когнитивните, емоционалните, социјалните и психомоторните области преку конкретни искуства, приспособени на нивните развојни карактеристики, потенцијали и афинитети.

Секоја акција ќе ја спроведуваат одговорните наставници во соработка со учениците.

Во согласност со Концептот за воннаставни активности за учебната 2025/26 година, училиштето ќе планира низа акции, вклучувајќи еколошки и хуманитарни базари и настани. Овие краткорочни воннаставни активности вообичаено се случуваат во текот на еден или неколку дена и може да имаат социјални, хуманитарни или други теми, како што се еколошки акции, продажни базари, волонтерски активности и разни видови социјални услуги. По секоја акција, учесниците ќе дадат повратни информации и предлози за идни подобрувања.

Како и претходните години, нашето училиште ќе продолжи да следи и да учествува во акции на ниво на училиште, како што се еколошки и хуманитарни иницијативи. Може да се организираат дополнителни активности врз основа на околностите што настануваат во рамките на општествената заедница. Ќе соработуваме и со други општини и градови како што дозволуваат можностите.

*План на акциите кои ќе се реализираат оваа година во нашето училиште е даден во прилози.

## 10. Ученичко организирање и учество

Важно е училиштето активно да ги охрабрува и мотивира учениците да се вклучат, дејствуваат и да бидат активни во училишната заедница и ученичките работни тела, како што се ученички парламенти и ученички правобранител, како и детска организација.

Ученичкото организирање служи за промовирање на активно учество на учениците во застапување на нивните права и интереси преку демократско одлучување за прашања кои директно ги засегаат. Тоа допридонесува:

- да развијат основни лидерски вештини, каде учат да преземаат иницијатива, да донесуваат одлуки и да ги водат своите врсници, што ги подготвува за идните лидерски улоги;
- учат да управуваат со задачите, да ги исполнуваат роковите и да преземаат одговорност за своите постапки и одлуки;
- Да развијат чувство на граѓанска должност и вклученост во заедницата;
- Да размислуваат критички за различни прашања, да оценуваат различни перспективи и да донесуваат информирани одлуки;
- Да се залагаат за своите права и интереси, развивајќи ја самодовербата да зборуваат и да ги претставуваат себеси и своите врсници;
- Да ги подобруваат комуникациските и интерперсоналните вештини, преку дискусија за прашања, презентирање идеи и преговарање со други;
- Учат да соработуваат со другите, да почитуваат различни гледишта и да работат кон заеднички цели.
- Поттикнување на сите ученици да учествуваат во управувањето со училиштето гарантира дека се застапени различни гласови и перспективи, промовирајќи инклузивна училишна средина.
- Им помага на учениците да развијат емоционална интелигенција и социјални вештини. Тие учат емпатија, решавање конфликти и како да градат и одржуваат здрави односи.

Со поттикнување и мотивирање на учениците да се вклучат во овие активности, училиштето игра клучна улога во негувањето на добро заокружени, одговорни и ангажирани граѓани кои се опремени со вештини и вредности неопходни за успех во животот.

Одделенската заедница ја сочинуваат сите ученици во паралелката кои демократски избираат претседател кој ќе ги претставува во Студентскиот парламент.

Заедницата на паралелка ја сочинуваат сите ученици кои на демократски начин избрале претседател кои ќе ги преставува во Ученичкиот парламент.

Ученичкиот парламент е составен од сите претседатели на паралелки. Претседателот на Ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број претседатели на паралелки со тајно гласање.

Ученичкиот правобранител е одговорен за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од VII-IX одделение со тајно гласање.

Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител поднесуваат План за работа за новата учебна година, со средства за активности обезбедени од општината, донации од бизнис заедницата и други извори.

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат Училишната заедница, со право да се организираат и на ниво на одделение и на училиште. Начинот на организирање на учениците е регулиран со Статутот на училиштето. За систематско и ефективно решавање на интересите на учениците, учениците се организираат во одделенски заедници и Ученички парламент.

Училиштето игра клучна улога во подготовката на учениците за реалноста со која ќе се соочат надвор од него. Нашата цел е да изградиме идни совесни граѓани кои успешно ќе живеат во општеството, активно и демократски учествувајќи во животот на заедницата. За да го постигнеме тоа, создаваме услови за нивен постепен развој во училишната средина.

*План за работа на Ученички парламент, Ученички правобранител и Детска организација кои ќе се реализираат оваа година во нашето училиште е даден во прилози.

## 11. Вонучилишни активности

### *11.1. Екскурзии, излети и настава во природа*

Училишните екскурзии се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците низ различни образовни домени и предмети.

Екскурзиите често ги изложуваат студентите на нови средини и перспективи. Овие патувања обезбедуваат можности за учениците да комуницираат со своите врсници и наставници во помалку формален амбиент, помагајќи да се развијат социјални вештини, тимска работа и комуникација. Заедничките искуства можат да создадат посилни врски меѓу учениците и меѓу учениците и наставниците.
Да се биде подалеку од редовната училишна средина може да им помогне на учениците да развијат независност и самодоверба. Тие учат да се движат во нови ситуации, да ги следат упатствата и да преземаат одговорност за себе и за своите работи. Тие исто така учат да се прилагодуваат на новите средини и да се справуваат со неочекувани ситуации.
Со обезбедување на овие разновидни придобивки, училишните екскурзии играат клучна улога во холистичкиот развој на учениците, надополнувајќи го традиционалното учење во училницата и придонесувајќи за нивниот севкупен раст и благосостојба.
Во оваа учебна година планирани се:

- два еднодневни рекреативни излети за учениците од I – IX одделение - есенска и пролетна.

. За проширување и продлабочување на знаењата на учениците ќе се организираат наставни екскурзии низ Македонија кои се во функција на наставата со учениците од III, V, VI, IX одделение. Согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, предвидени се следните екскурзии:

- еднодневна екскурзија за учениците од III одделение;
- настава во природа за учениците од V одделение;

- дводневна екскурзија за учениците од VI одделение;
- тродневна екскурзија за учениците од IX одделение.

Согласно правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од Министерот за образование, нашето училиште формира стручен тим за подготовка на програми за екскурзии, излети и другите вонучилишни активности:

- Милена Танеска, одделенски наставник, одоговрна за еднодневна екскурзија за учениците од III одделение;
- Емилија Митреска, класен раководител, одговорна за дводневна екскурзија за учениците од VI одделение;
- Фила Вероска, класен раководител, одговорна за тридневна екскурзија за учениците од IX одделение;
- Анкица Цуцулоска, одделенски наставник, одговорна за настава во природа за учениците од V одделение;
- Билјана Т.Стојановска и Елизабета Великоска, одговорни за еднодневен есенски излет
- Елена Димоска и Бобан Блажески, одговорни за еднодневен пролетен излет

Посета на театар, музеј, собрание, влада, телевизија, метеоролшка станица, научни институции, саем на книга, средни училишта и сл. се организираат во сите одделенија од прво до деветто каде ќе има потреба.

*План за екскурзии кои ќе се реализираат оваа година во нашето училиште е даден во прилози.

### *11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности*

Податоците во ова подрачје ќе бидат внесени на почетокот на учебната година, откако одделенските раководители ќе ги соберат податоците во паралелките и со Анекс ќе бидат дел од оваа годишната програма.

## 12. Натпревари за учениците

Нашето училиште става посебен акцент на натпреварите, како круцијална форма на активност поради нивната моќ значително да го поттикне развитокот на личноста и да ја подобри училишната клима. Тие претставуваат значаен дискриминативен фактор на квалитетот на знаењето како и мотивациона форма во постигнувањата на учениците.

Можноста учениците да ги докажат своите знаења е мотив за учениците за постигнување што повисоки резултати и напредок, а воедно претставува и промоција на целокупната работа на училиштето. Развивањето на знаењата и вештините на овие учениците се реализира под менторство на наставниците од училиштето, за време на редовната и додатна настава или во склоп на секциите и слободните ученички активности.

Уште од најрана возраст, од прво одделение и тестот за брзо читање, натпреварите се застапени се до завршувањето на основното образование.

Натпреварите се организирани од МОН, БРО, Локална самоуправа, основни и средни училишта, невладини организации, стручната служба и активи на училиштето, а нивниот распоред е утврден од страна на Наставничкиот совет.

Одделенска настава

- Второ одделение – тест за брзо и точно читање
- Четврто одделение – математика, природни науки
- Петто одделение: математика, природни науки и англики јазик

  Предметна настава
- Натпревари на општинско и државно ниво
- Литературни средби со литературни дружини од централното и подрачното училиште;

- Натпревар по историја и географија – осмо одделение;
- Натпревар по македонски јазик и литература;
- Натпревар по англиски јазик
- Натпревар по германски јазик
- Натпревар по математика 4 – 9 одделение;
- Натпревар по физика;
- Натпревар по хемија;
- Натпревар по биологија
- Натпревар по природни науки
- Еколошка олимпијада;
- Млади сообраќајци;
- Прва помош и заштита;
- Соработка со ЕКО- полиција на ниво на општина;
- Смотри на хор и оркестар;
- Ликовни изложби;
- Кенгур,
- Учество на интерни-училишни конкурси и конкурси организирани на општинско и државно ниво;
- Учество со лични творби на учениците во медиуми;
- Зависно од резултатите предвидено е учество на регионални, државни натпревари и меѓународни
- Учество на наставници со лични трудови;
- Учество на организирани натпревари од страна на МОН, Биро за развој на образование и Локална самоуправа и други институции;

Во согласност со динамиката на натпреварите на општинско, регионално и државно ниво, програмата за натпревари ќе биде прилагодена кон новите текови.

Пласираните поединци и екипи, ќе учествуваат на регионални и државни и меѓународни натпревари и конкурси.

*План за реализирање на училишни натпревари даден е во прилози.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Суштинска компонента на образовниот процес и севкупниот индивидуален развој е соживотот на сите етнички групи во заедницата. Промовирањето на мултикултурната соработка ја поддржува еднаквата вклученост во образовните услови.

Наставниот кадар во нашето училиште инкорпорира мултикултурна содржина во сите наставни и воннаставни активности. Според дадените насоки, мултикултурализмот е интегриран во редовната наставна програма по различни предмети, вклучително и „Животни вештини“ и Час на одделенска заедница. Успешна соработка се реализира и преку различни активности со нашето партнерско училиште „Саид Најдени“ од Дебар.

Заедничка работа и учење имаат за цел да поттикнат меѓусебно разбирање, почит и ценење за различноста. Наставниците ќе помогнат да се создаде демократска училишна клима, поттикнувајќи ја интеграцијата на учењето со активностите и однесувањето на учениците во училницата, училиштето и пошироката заедница.

Целта е да се оспособат учениците да го применат своето знаење во реални ситуации, да разберат како да коегзистираат во културно разновидна заедница и да ги решаваат недоразбирањата со толеранција и почит.

Преку ова, учениците ќе негуваат култура на мир, ќе градат општествена одговорност, развивајќи се во лојални граѓани на државата.

Училишниот тим одговорен за меѓуетничка интеграција, изготви План за реализација на меѓуетничка интеграција со цел меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите.

*Планот за реализација на активности за меѓуетничка интеграција е во делот прилози.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во насока на активно вклучување во современите образовни текови и реформи, нашето училиште континуирано иницира и спроведува проекти кои имаат за цел унапредување на квалитетот на наставата, наставните методи и целокупната училишна култура.

Проектната активност е стратешки сегмент на воспитно-образовниот процес, преку кој училиштето развива иновативни практики, поттикнува професионален развој на наставниот кадар и создава стимулативна средина за учениците.

Во учебната 2025/2026 година, училиштето планира реализација на различни типови проекти – **задолжителни, интерни (училишни) и меѓународни**, во соработка со:

- Министерството за образование и наука,
- Бирото за развој на образованието,
- Локалната самоуправа,
- како и со други релевантни институции и организации чија дејност е во функција на развој и поддршка на образованието.

Овие проекти се насочени кон:

- подобрување на наставната практика и примената на современи наставни модели,
- развивање на интеркултурна и демократска клима во училиштето,
- интегрирање на дигитални технологии во наставата,
- како и кон активно вклучување на учениците во процеси на учење преку истражување, соработка и учество во заедници на практика.

***Деталниот план за реализација на проектите** за учебната 2025/2026 година е даден во во делот прилози на оваа програма.

## 15. Поддршка на учениците

### *15.1. Постигнување на учениците*

Еден од приоритетите на нашето училиште е постојаното следење на постигнувањата на учениците, правејќи анализи на постигнувањата од аспект на различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручниот соработник – психологот во училиштето подготвува анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на квалификационите периоди,

приготвувајќи ги при тоа и споредбените анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол 5 години наназад.

За подобрување на резултатите на постигањата на учениците, училиштето промовира постојана увереност дека секогаш може да се подобрат резултатите на сите ученици со организирање на дополнителна настава, додатна настава и слободни (воннаставни) активности. Наставниците на почетокот на учебната година изготвуваат годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми , според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка.

Училиштето преку низа параметри има изготвено посебен план за детектирање и грижа на учениците кои имаат потешкотии во учењето:

**-**на почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето,  кој тим е должен да изготви програма за работа со истите;

-стручните соработници низ разговори со одделенските наставници /раководители за секој период од учебната година ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето;

-континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личниот развој на овие ученици преку советодавно

- консултативна работа со нив, со наставниците и со нивните родители/старатели, запазувајќи ја максимално врската: ученик- родител- наставник;

-во текот на учебната година, по завршување на секој квалификационен период се следат индивидуалните постигања, односно успехот на овие ученици;

-со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците, тимот поддршка редовно остварува соработка со релевантни институции (Центар за социјална работа, социјални патролни работници, Црвен крст на РМ...);

Една од активностите за подобрување на постигањата на учениците, почнувајќи од учебната 2017/2018 година, е родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби оценки да се повикуваат на советување кај психологот на училиштето, а исто така и учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Покрај непосредното, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал.

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа низ кои се поттикнува истражувачката, самостојната и иновативната страна на ученичките активности, задоволувајќи ја нивната потреба од самоиницијативно учење, творење и задоволување на вродената детска љубопитност.

Нашето училиште особено внимание посветува на *промовирањата на постигнувањата на учениците на разни полиња* и тоа им го овозможува, не само со редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни конкурси и читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. учениците ги покажуваат своите таленти, совладани знаења и желбата за нови, поинакви пристапи кон науките и уметностите. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на учениците го промовираат и на најдобар можен начин го прикажуваат училиштето во локалната и пошироката средина. Училиштето негува долга традиција на поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво, при што учесниците често постигнуваат .

Училиштето има развиен систем на наградување на учениците. За патрониот празник на училиштето секоја година се организира свеченост на која учениците коишто постигнале или освоиле високи резултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од вонннаставни активности и нивните наставници ментори се наградуваат со пофалници и дипломи, како и со скромни подароци.

Во учебната 2024/2025 година во ООУ„Кочо Рацин“-Охрид учеа вкупно 362 ученици од кои 281 ученик во централното училиште и 81 ученик во подрачното училиште во с. Лакочереј. Распределени во 26 паралелки.
Сите ученици наставата ја следат на македонски наставен јазик.

Според етничката припадност 352 ученици се изјаснале како македонеци, додека 10 ученици се изјаснале дека припаѓаат на други етнички групи.

**Табеларен приказ на етничките групи на ученици во учебната 2024/2025 година**

| Етнички групи | Број на ученици |
|---|---|
| Македонци | 352 |
| Египјани | 6 |
| Роми | 2 |
| Бошњаци | 1 |
| Други | 1 |

Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно односно 118  ученици се оценати описно на крајот од учебната 2024/2025 година.

Учениците од четврто до деветто одделение се оценуваат бројчано односно 244 ученици се оценети бројчанона крајот од учебната 2024/2025 година.

**Табеларен приказ на постигнатиот успех на учениците од прво до трето одделение на крајот од учебната 2024/2025**

| Одделение | Вкупен број на ученици | Успех | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Прво ниво | Второ ниво | Трето ниво | Ученици со ПОП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| I/1 | 15 | 12 | 1 | 2 | |
| I/2 | 14 | 6 | 3 | 5 | 1 |
| I/3 | 6 | 3 | 3 | / | / |
| II/1 | 25 | 17 | 3 | | 2 |
| II/3 | 12 | 2 | 2 | 6 | 2 |
| III/1 | 18 | 12 | 4 | 2 | / |
| III/2 | 18 | 10 | 5 | 2 | 1 |
| III/3 | 10 | 8 | 1 | 1 | / |
| **Вкупно:** | **118** | **70** | **22** | **18** | **6** |

**Табеларен приказ на постигнатиот успех на учениците од четврто до деветто одделение на крајот од учебната 2024/2025**

| Одделение | Вкупен број на ученици | Успех | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одличен | Мн. Добар | Добар | Доволен | Ученици со ПОП |
| IV/1 | 14 | 12 | 2 | / | / | / |
| IV/2 | 14 | 12 | / | 2 | / | / |
| IV/3 | 12 | 6 | 5 | 1 | / | / |
| V/1 | 22 | 20 | 2 | / | / | / |
| V/2 | 23 | 11 | 10 | 2 | / | / |
| V/3 | 8 | 4 | 1 | 2 | 1 | / |
| VI/1 | 12 | 7 | 3 | 2 | / | / |
| VI/2 | 12 | 4 | 6 | 2 | / | / |
| VI/3 | 9 | 5 | 4 | / | / | / |
| VII/1 | 15 | 11 | 3 | 1 | / | / |
| VII/2 | 14 | 7 | 6 | 1 | / | / |
| VII/3 | 5 | 3 | 1 | 1 | / | / |
| VIII/1 | 21 | 7 | 10 | 4 | / | / |
| VIII/2 | 18 | 7 | 6 | 5 | / | / |
| VIII/3 | 6 | 4 | 1 | 1 | / | / |
| IX/1 | 12 | 8 | 4 | / | / | / |
| IX/2 | 14 | 9 | 3 | 2 | / | / |
| IX/3 | 13 | 6 | 4 | 3 | / | / |
| **18** | **244** | **143** | **71** | **29** | **1** | **/** |

**Споредбена анализа на постигнатиот успех**

| Учебна 2023/2024 г. | |
|---|---|
| **Одделение** | **Просек** |
| **IV** | 4.43 |
| **V** | 4.30 |
| **VI** | 4.41 |
| **VII** | 4.25 |
| **VIII** | 4.12 |
| **IX** | 4.16 |
| **Вкупно:** | **4.28** |

| Учебна 2024/2025 г. | |
|---|---|
| **Одделение** | **Просек** |
| **IV** | 4,52 |
| **V** | 4,4 |
| **VI** | 4,24 |
| **VII** | 4,48 |
| **VIII** | 4,05 |
| **IX** | 4,43 |
| **Вкупно:** | **4,35** |

| Учебна 2022/2023 г. | |
|---|---|
| **Одделение** | **Просек** |
| **IV** | **4.26** |
| **V** | **4.61** |
| **VI** | **4.21** |
| **VII** | **4.45** |
| **VIII** | **4.08** |
| **IX** | **4.34** |
| **Вкупно:** | **4.33** |

**Вкупен успех:**

- Во учебната 2022/2023 година, вкупниот просек беше **4.33**.
- Во учебната 2023/2024 година, вкупниот просек се намали на **4.28** (опаѓање од 0.05).
- Во учебната 2024/2025 година, вкупниот просек се зголеми на **4.35** (раст од 0.07 од претходната година и 0.02 повеќе од 2022/2023).

Вкупниот успех има благо намалување во втората година, но во третата година просекот се подобрил и достигнал највисока вредност од трите години.

**Успех по одделенија:**

| **Одделение** | **2022/23** | **2023/24** | **2024/25** | **Промена 22/23 -> 23/24** | **Промена 23/24 -> 24/25** |
|---|---|---|---|---|---|
| IV | 4.26 | 4.43 | 4.52 | +0.17 | +0.09 |
| V | 4.61 | 4.30 | 4.40 | -0.31 | +0.10 |
| VI | 4.21 | 4.41 | 4.24 | +0.20 | -0.17 |
| VII | 4.45 | 4.25 | 4.48 | -0.20 | +0.23 |
| VIII | 4.08 | 4.12 | 4.05 | +0.04 | -0.07 |
| IX | 4.34 | 4.16 | 4.43 | -0.18 | +0.27 |

**Клучни забелешки:**

- Највисок просек во учебната 2022/2023 беше во V одделение (**4.61**).
- Во учебната 2023/2024 година највисок просек имаше VI одделение (**4.41**).
- Во учебната 2024/2025 година највисок просек имаше одделението IX (**4.43**).
- Одделение IV покажува континуиран раст на успехот во текот на трите години.
- Одделение V има значително опаѓање од 4.61 на 4.30 во 2023/24, но во 2024/25 малку се подобрува.
- Одделенијата VI, VII и IX бележат флуктуации: пораст во една година, намалување во друга.
- Одделение VIII има најниски просеци во сите три години и благо опаѓање во последната година.

*План програмата за подобрување на успехот на учениците е даден во делот прилози.

### *15.2. Професионална ориентација на учениците*

Тим за професионална ориентација на учениците:

1. Директор

2. Психолог/педагог
3. Класните раководители
4. Одделеснки раководители

Училиштето постојано е во корелација и соработка со средните училишта со кои учествуваат во планирањето и преземањето конкретни активности за *професионална ориентација на учениците*. Целта на овие активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со што учениците ќе бидат запознаени со можностите и условите кои ги нудат средните училишта,  со структурите и занимањата, со информирањето за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Во соработка со АВРМ (Агенција за вработување на Република Македонија) стручниот соработник задаваа прашалници за самоевалуација на интересите и способностите на учениците, со цел да им се даде помош за правилен избор на струки и занимања. Стручниот соработник спроведува анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор  на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците, моменти кои се дел и од некои наставни предмети и нивните Наставни планови и програми.

Државните и приватните средни училишта од градот и околината одржуваат свои презентации, подготвуваат флаери и постери, како и отворени денови со кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

Според Законот за основно образование и Годишната програма за работата на училиштето, изготвена е програма за Професионалната ориентација. Основното образование, како комплексна, перманентна и општествено организирана дејност, му помага на поединецот во избирањето на професијата и занимањето, а потребите налагаат професионалната ориентација да биде присутна од почетокот на школувањето на учениците, што честопати треба да биде приоритет и да помогне на локалната самоуправа и бизнис заедницата.

*Програма за професионална ориентација на учениците е даден во делот прилози.

### *15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

Училиштето презема мерки за намалување на дискриминацијата на учениците, нивна заштита од насилство, злоупотреба и сл. Во тој контекст редовно се одржуваат работилници и тоа од страна на одделенските раководители за време на одделенските часови, од страна на стручната служба, но и од страна на други институции и центри со кои училиштето соработува. Во одредени случаи, родителите задолжително се повикуваат на советување и давање насоки за постапување во однос на воспитувањето на нивните деца и по потреба се упатуваат до соодветната институција. Во училиштето многу ретко се забележува вршење на меѓуврсничко насилство. При ваква појава стручната служба во соработка со наставниците и родителите на учениците преземаат активности, со цел надминување на ваквата појава.

Во текот на оваа учебна година планирано е реализирање на следните превентивни програми:

- програма за превенција од насилно однесување во основното училиште
- програма за превенција од заразни болести, болести на зависност
- програма Безбедни училишта
- Вештини за адолесценција
- Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- програма за зачувување на менталното здравје на учениците

Со цел заштита на учениците од злоупотреба, занемарување и запуштање, училиштето има институционална соработка со :

- Центар за социјална работа
- МВР - здружение на граѓани и полиција
- Медицински центар - оддел за ментално здравје
- Други органи и тела во општината
- Основни и средни училишта
- Невладини организации
- Црвен Крст - Охрид

Во текот на оваа учебна година ќе се реализираат следните програмски содржини за едукација:

- УЧЕНИЦИ

1) Едукативна работилница- „Справување со врсничко насилство и кибер насилство“

2) Едукативна работилница- „Зачувување на менталното здравје на учениците“

3) Едукативни работилници – Потикнување на емпатија кај учениците

- РОДИТЕЛИ

1) Улогата на семејството – родителското однесување и училиштето како битни фактори за спречување на насилството

2) Влијание на стилот на семејното воспитување врз менталното здравје на децата

- НАСТАВНИЦИ

1) Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците

2) Потикнување на емпатија кај учениците

3) Како да препознаеме дете – жртва на насилство и дете - насилник

Носители на сите овие активности се наставниците, стручната служба и директорот, по потреба и вклучување на соодветна институција, а времето на реализација е во текот на учебната година, според пројавените потреби, како и согледувањата од страна на наставниците и стручните служби.

## 16. Оценување

Еден од показателите на постигањата на учениците во воспитно-образовниот процес е оценувањето. Преку разни техники, методи и употреба на инструменти изготвени од наставниот кадар, согласно стандардите и критериумите утврдени од страна на МОН и БРО, учениците се оценуваат квартално, односно во првото тримесечје, првото полугодие, третото тримесечје и на крајот од учебната година.

### *16.1. Видови оценување и календар на оценувањето*

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оцени.

Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие и на полугодие

добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки, се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

Наставниците во своите планирања имаат испланирано дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Тие користат различни методи и форми за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците за формативно оценување (дискусија за време на часот, усна повратна информација, пишана повратна информација, сложеност на прашања, самооценување и оценување од страна на учениците, проекти, портфолио). Оценувањето е вградено во секој дел од секој час, и при тоа се применува критериумско сумативно оценување според усвоените критериуми на ниво на училиште (објективни тестови, есејски прашања, усни одговори, усни презентации, демонстрации, изведби и др.)

Наставниците имаат изработено критериуми, стандарди на оценување на ниво на наставен предмет и теми, користат инструменти за оценување. Со нив учениците се запознаваат и самите се креатори, на почетокот на реализација на наставната тема, во текот на часовите истите се истакнуваат на видно место во училниците, ги имаат во портфолиото на паралелката. Во своите дневни планирања наставниците издвојуваат сегменти од часот со цел учениците самостојно да изработат инструменти за оценување и учениците се поттикнуваат на самооценување и соученичко самоооценување.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку двапати во секое полугодие. Ученикот од прво, заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението. Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка по два предмета се упатува на поправен испит. Училиштата учествуваат во државни и меѓународни тестирања спроведени од Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот.

На секои три години, во училиштето се врши интегрална евалуација за работа на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат, согласно ЗОО. Интегралната евалуација го следи квалитетот на работата на училиштето, согласно прописите на просветната инспекција.

Согласно новата Концепција за образование од учебната 2021-22 година учениците покрај сведителствата добиват и додаток на сведителство, кој се однесува на вонанставните активности во кои учествувале учениците, односно содржи опис за постигањата на ученикот за конкретна вонаставна активност. Во додатокот нема бројчана оцена, но затоа има текст за постигнувањата и истиот нема да влијае на успехот.

| ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ОЦЕНУВАЊЕТО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Реализатор и** | **Целна група** | **Инструмент и докази** | **Време** | **Критериуми за успех** |

| | | | | | **(индикатори)** |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на тематски и годишни планирања на наставниците во однос на оценувањето | Директор Стручна служба | Наставници Одделенска и предметна настава | Инструменти за следедење на планирањата | Јули/ август | Подобрени и квалитетни Годишни и тематски планирања |
| Анализа на инструментите за оценување на постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби | Тим за оценување Директор Стручна служба | Наставници Одделенска и предметна настава | Чек листи, индивидуални образовни планиви | Септември | Подобрени постигнувања на учениците со посебни образовни потреби |
| Размена на искуства за изработените објективни тестови на знаења за сумативно оценување | Тим за оценување Директор Стручна служба | Наставници Предметна настава | Збирка на изработени тестови | Јануари мај | Подобрен квалитет на објективните тестови на знаења |
| Размена на искуства за изработените инструменти за формативно оценување | Тим за оценување Директор Стручна служба | Наставници Предметна настава | Збирка на изработени инструменти | Јануари мај | Подобрен квалитет на инструментите за формативно оценување |
| Водење на евидентни листи за постигнувањата на учениците по периоди | Директор Стручна служба | Наставници Одделенска и предметна настава | Евидентни листи | Тримесечје Полугодие Крај на учебна година | Уредно и навремено водење на информирање на учениците и родителите |
| Размена на искуства за изработените тестови на знаења | Тим за оценување | Наставници Одделенск а и предметна настава | Збирка на изработени тестови | Декември март | Подобрен квалитет на тестовите на знаења, задоволни ученици и родители |
| Водење педагошка евиденција и документација | Директор Стручна служба | Наставници Одделенск а и предметна настава | Инструмент за следење | Септември Јануари Јуни | Уредна, навреме изработена и доставена педагошка евиденција и документација |
| Анализа на успехот по периоди, национална и полова припаднопст | Директор Стручна служба | Наставници Одделенск а и предметна настава | Табеларни прегледи и евидентни листи | Тримесечје Полугодие Крај на Учебна година | Подобрени постигнувања на учениците |

Оценувањето се врши според критериуми и стандарди утврдени согласно концепцијата за деветгодишно образование односно учениците се оценуваат описно и бројчано според три периоди:

Во првиот период се опфатени учениците од прво до трето одделение, кои се оценуваат описно. Со описното оценување се дава приказ за постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Во вториот период се опфатени учениците од четврто до шесто одделение кои се оценуваат описно и бројчано. На крајот од првото тримесечје, првото полугодие и третото трмесечје учениците се оценуваат описно, додека на крајот на учебната година добиваат бројчани оценки.

Во третиот период се опфатени учениците од седмо до деветто одделение. Тие се оценуваат само бројчано.

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување за постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Проверувањето на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) наставниците го дефинираат во нивните Годишни тематски и процесни планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во потфолио...)

### *16.2. Тим за следење, анализа и поддршка*

Во училиштето постои тим (директор, стручна служба, одделенски раководители), за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведување на процес на оценување како и усогласеност со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето, се планира и реализира посета на часови и увид во дневните подготовки и се прибираат податоци за изготвување на Извештај. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по

завршување на квалификационите периоди, воедно се прават и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за пет години наназад.

Родителите и учениците редовно се информирани за постигањата-оценките. Наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за постигањата. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени. И училиштето како институција ги поддржува наставниците во насока на квалитетно, стручно и објективно оценување на постигањата на учениците.

### *16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Директорот и стручната служба во текот на учебната година вршат посета на наставни часови, со цел вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар, како и давање насоки со цел подобрување на квалитетот на наставата. Секој наставник е посетен од страна на директорот и стручната служба два пати во текот на наставната година и тоа еднаш во првото полугодие и еднаш во второто полугодие. Секој стручен соработник врши следење на наставата од аспект на своето подрачје на работа, додека честопати се вршат и целни посети, заради вонреден увид. По секој посетен наставен час се врши разговор со наставникот, со цел давање повратна информација и евентуално давање насоки и предлози за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата.

*План за следење на наставни часови е даден во делот прилози.

### *16.4. Самоевалуација на училиштето*

Самоевалуацијата во училиштето се спроведува на крајот од секоја втора наставна година, според сите предвидени законски норми и правила. Училишниот одбор на училиштето формира Училишна комисија за спроведување на

самоевалуација по предлог на директорот и истата е составена од наставници, стручни соработници и родители. Комисијата изработува акционен план за спроведување на самоевалуација, формира тимови за вршење на самоевалуацијата по подрачја и по завршувањето изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

Самоевалуацијата на училиштето е колаборативен, инклузивен и рефлективен процес преку кој училиштето ја вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е планирано и направено и како е направено, односно процес низ кој училиштето добро се запознава самото себе и ги пронаоѓа најдобрите начини за унапредување на својата работа. Овој процес вклучува континуирано следење, анализирање и проценување на успешноста на работата на училиштето, првенствено на квалитетот на поучување и училишната клима, водејќи сметка за најдобриот интерес на секој ученик. Се темели на пристап заснован на докази од разни извори и судови од различни чинители, со цел да се донесат релевантни мерки за подобрување на учењето и постигнувањата на учениците. Самоевалуацијата се користи како процес за јакнење на капацитетите на училиштето со цел за напредок, развој и успех на сите чинители на воспитно-образовниот процес.

Членови на комисијата за изработка на самоевалуацијата за работа на училиштето:

Подрачје 1: Планирање, настава и учење-Виолета Петковска

Подрачје 2: Постигања на учениците-Сања Наковска

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето-Елизабета Великоска

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики-Биљана Каланоска

Во месец јули беше завршена новата самоевалуација за работа на училиштето за периодот јули 2022-јули 2024 година. Самоевалуацијата е изработена согласно

новите насоки на МОН и истата содржи 4 клучни подрачја. Тимот за изработка на самоевалуацијата со користење на различни инструменти ги собра сите потребни податоци и ги обработи.

*Самоевалуацијата на училиштето е објавена на веб странната на училиштето.

## 17.Безбедност во училиштето

Безбедноста во училиштето е спроведување задоволителни услови за работа, личната безбедност на учениците и наставниците, и пакетот мерки за заштита.

Заштитата и спасувањето во Република Северна Македонија се засновува на следниве основни мерки:

1) секој  човек има право на целосна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

2) најголем приоритет во заштитата од природни непогоди  и спасување од други несреќи пред се е животот и здравјето на луѓето;

3) секој од нас е должен да помага во рамките на своите можности при настанување на природни непогоди и други несреќи

4) Републиката, образовните институции, и општините навремено да се организираат,  и преземат чекор кон намалување на  ризиците ,а со тоа да ги спроведат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

5) секое правно и  физичко  лице, во согласност со закон, одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;

6) при ангажирањето на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, при што  реагираат силите на сопственикот, потоа општината, Републиката и меѓународната заедница

7) податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување, се јавни и мора транспарентно да се објават.

Мерките за целосна заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер.

**Превентивни мерки** за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирањето и изградбата на објектите.

**Оперативни мерки** за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи се:

- навремени активности за откривање на непосредната опасност - активности за справување со природни непогоди и други несреќи и
- Навремени активности за отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи.

Нашето училиште има изготвено и спроведено план и програма како и пакет мерки за заштита и спасување за секоја поединечна училишна зграда .Со приложените планови има процедури ,и при секој облик на различна елементарна непогода, е доставен прилог во оваа програма.

*Програмите и плановите за евакуација се дадени во делот прилози.

**18. Грижа за здравјето**

Цел на програмата за грижа за здравјето е унапредување на целокупното здравје на учениците преку превентивни програми,едукација и акции кои допринесуваат за формирање на ставови,навики и однесување кои значат здрав начин на живот.Со програмата се опфатени следните содржини:

- Предавања

- Превенција од пренесување и ширење на заразни болести

- Превенција од болести на зависност

- Здрава исхрана

- Посебни и систематски прегледи

-Физички активности

### *18.1. Хигиена во училиштето*

Хигиената претставува битен фактор за постоење на здрава училишна средина каде учениците поминуваат голем дел од денот. Поради тоа, училиштето превзема активности кои придонесуваат за одржување на високото ниво на хигиенски услови кои ги обезбедува персоналот и учениците, а тоа подразбира: бришење на прашината на работните површини и на надворешен дел од мебелот, бришење и миење на тврди подни површини, собирање на пајажина, бришење на рамки на прозорци, на влезни и внатрешни врати, бришење и миење на стаклени површини, бришење на санитарен простор, метење пред влезните врати. Училиштето обезбедува доволна количина на средства за одржување на општа и лична хигиена, средства за дезинфекција на вработените,учениците и просторот. За хигиената во училиштето се задолжени техничкиот персонал . Но за да се оддржува хигиената на задоволително ниво придонесуваат сите вработени и ученици преку разни акции за чистење или едукативни работилници.

На почетокот на секоја учебна година санитарен инспектор ја проверува хигиената во училиштето и дава дозвола за непречено одвивање на наставата. По потреба училиштето ќе соработува со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Во текот на учебната година наставниците и училиштето реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња.

### *18.2. Систематски прегледи*

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со здравствените домови. Медицински центар и Центар за јавно здравје -(Инфективно одделение и одделение за имунизација) , Републички завод за здравствена заштита - одделение Медицина на трудот, сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години, се врши систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабораториски преглед, интернистички, офталмолошки преглед, ОРЛ преглед. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од I одд., III одд., V одд., VII одд. и IX одд. кој опфаќа мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на `рбетниот столб и локомоторниот систем, лабораториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).

Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд. до VI одд. како и залевање на забите,откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во „Одделение за орално здравје - стоматологија во Охрид“ со одделенски раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

### *18.3. Вакцинирање*

Со календарот за имунизација и вакцинација опфатени се учениците на 6-7 години и 12-13 години. При вакцинирањето на учениците од I до V одд.

задолжително е присуство на нивните родители и одделенски наставник, а за учениците од VI до IX одд. присуство на одделенски раководител и родител.

При запишувањето на децата во прво одделение задолжително се бара и потврда за примени вакцини за детето како услов за запишување .

Вакцинирањето се врши во амбуланта и тоа:

I одделение за учениците со наврршени шест години- ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит).

II и III одделение - ревакцина DT Polio (дифтерија , тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина.

VII одделение - вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.

Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.

IX одделение - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола , а сите ученици од : детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

*Програмата за грижа за здравјето на учениците е дадена во делот прилози.

### *18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата*

Здравата храна е значајна за правилниот раст и развој на детето. Односот кон храната е односот кон животот и затоа децата треба да бидат активно вклучени во одгледување на некои видови на зеленчук и овошје, со цел да го набљудуваат процесот на создавањето, подготвувањето и правилното консумирање на истите. Сознанијата добиени на тој начин, се трајни и применливи, бидејки создаваат основа за суштински правилно поставен однос кон природата . При тоа се обезбедува постојано подобрување, подигнување и

развивање на знаењата и свеста за значењето на здравата и правилната исхрана кај децата, вработените и родителите, создавање на навики за консумирање на здрава и квалитетна храна, како и поттикнување и развивање на одговорностите на децата кон природата, кон обврските и кон самите себе.

## 19. Училишна клима

### *19.1. Дисциплина*

Дисциплината е важна алка во училиштето, која го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Почитувањето на правилата на однесување во училиштето, доведува до дисциплина, квалитетна настава и ред, на сите кои работат и престојуваат. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината, однесувањето и безбедноста на учениците во училиштето, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиштето. За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен Куќен ред, правилници и кодекси на однесување на вработените, учениците и родителите, кои се истакнати на видни места во училиштето. Со нив сите се запознаени и должност на секој од нив, е да се инсистира на нивно почитување, во спротивно следат соодветни мерки.

Дисциплината во училиштето се одржува, преку редовно дежурство на наставниците за време на одморите, во училишната зграда, училиштниот двор и просториите , како и водење писмена евиденција за случувањата и предлагање мерки за подобрување на дисциплината. Техничкиот персонал се грижи за санитарните јазли, другите простории во училиштето и училиштниот двор. Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплина на училиштето, ќе се продолжи со едукација на вработените, тимска соработка и ненасилно разрешување на конфликти, кои истите и сите други прашања поврзани со ова, се решаваат по пат на дијалог со сите субјекти во воспитно-

образовниот процес, кои понатака сите ќе се чувствуваат сигурно, почитувано и пријатно.

Дисциплината на учениците и вработените е доста добра. Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Има позитивна работна атмосфера за време на наставата и вон наставните активности. Вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите, што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки. Во врска со поведението и дисциплината, согласно со Правилникот за изрекување педагошки мерки и Статутот на училиштето, се преземаат и изрекуваат соодветни педагошки мерки .

**Критериуми за успех** – Намален број случаи на несоодветно однесување на учениците, од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците, Инструменти – писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи наоделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници.

**Индикатор за успешност** – Намален број советувања на ученици и родители, Одговорен за следење – директор, одделенски раководители, стручни соработници,

**Повратна информација** – Подобрување на дисциплината и ефикасност на наставата; Почитување на правилата на однесување во училиштето; Намален број на изречени педагошки мерки за учениците; Намален број на повикани родители на советување; Одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

Во текот на учебната година се води грижа за создавање и одржување на позитивна училишна клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно образовниот процес, придонесуваат за создавање на пријатна атмосфера за работа.

Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат следниве активности:

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори/Ресурси** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување во правилата на однесување | Септември 2025 г. | Стручна служба, одделенски и класни раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручна служба | Успешна реализација на планот за одржување и подобрување на дисциплината во училиштето |
| Изготвување на распоред на дежурни наставници | На почетокот на учебната година | Одделенски и предметни наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручни активи | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници |
| Определување дежурни ученици за дежурства во училишниот ходник | Континуирано | Одделенски , класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со одделенските и класните раководители | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ученици |
| Определување дежурни ученици по паралелки | Континуирано | Одделенски, класни раководители и ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со одделенските и класните раководители | Одржување позитивна училишна клима |
| Давање насоки за однесувањето во тоалетите, училишниот ходник, училишниот двор | Во текот на целата учебна година | Наставници | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор | Континуирано | Дежурни наставници и ученици | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

### *19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Естетскиот изглед на училиштето е важен сегмент и значајна обврска за целокупниот работен колектив, затоа што училиштето со својата беспрекорна

чистота, уредност и ликовно- естетски изглед, позитивно влијае на воспитно-образовниот процес на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетското обликување на просториите во училиштето, украсувањето на училниците и ходниците е постојана грижа на сите ученици, наставници и останатите вработени .

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот, опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на училниците, во кои се поминува голем дел од денот. Во текот на учебната година одговорните наставници и сите членови, вклучени во воспитно-образовниот процес, ќе учествуваат во сите активности за уредување и разубавување на училниците и холовите преку заеднички работилници, изработки според тековните настани и темите за кои ќе се реализираат.

Грижата на сите вработени и учениците во текот на целата година, како и организираните акции, придонесуваат за убавиот изглед на училиштето и училиштниот двор.

Тимот за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето, ќе изработи план, кој ќе содржи:

- планирана програмска активност;
- време за реализација;
- реализатори;
- извори/ ресурси;
- методи;
- постапки при реализација;
- очекувани ефекти.

### *19.3. Етички кодекси*

Училиштето има изработено кодекси, кои се донесени во согласност со Законот за основно образование, а во нивно изработување, учество имаат земено сите субјекти. Кодексите на однесување се истакнати на сите видни места , во холот

на училиштето и во сите училници. На почетокот на секоја учебната година, на одделенските часови, учениците се запознаваат со кодексите на однесување во училиштето и се инсистира на нивно почитување. Родителите се запознаваат со кодексот на однесување, за време на родителските средби, додека наставниците на Наставничките совети. Овие правила на однесување, ќе го подобрат квалитетот на училишниот живот, со што сите ќе се чувствуваат побезбедно и попријатно во училиштето.

Етичките кодекси се разгледани и усвоени од страна на Училишниот парламент, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор, на почетокот на учебната година, на заеднички состанок и по потреба се променуваат и надополнуваат овие кодекси, а потоа истите се разгледуваат и прифаќаат.

***19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето***

Со цел да се подигне квалитетот на комуникацијата и меѓусебната соработка и доверба на вработените во училиштето, се остваруваат формални и неформални средби. Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација и во текот на тие средби постои взаемна соработка и корелативни врски помеѓу сите структури (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи). Таа комуникација се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработени и ученици.

Тимот за односи меѓу сите структури преку континуирана соработка врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето, внимава на индивидуалните потреби и способности на учениците. Стручната служба преку различни методи врши советувања на родители, чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно

однесување, согласно нивните индивидуални потреби. Односите меѓу наставниците и учениците исто така се базираат на заемно почитување, преку исполнување на обврските дадени од наставниците. Изработката на катчиња во секоја училница укажува на трудољубивоста на учениците како и на извршување на задачите, зададени од наставниците. Овде не изостанува и односот кон оние ученици кои се со намалени способности и посетуваат дополнителна настава. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници, преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи, што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите, преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците од редот на родители во Училишниот Одбор, кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор. За да се подобри квалитетот, се вршат анализи на резултатите, добиени на крај на првото полугодие и крајот на учебната година и врз основа на тоа се прават планирања за следната учебна година. За подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка во училиштето, се организираат обуки, заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености сл. За подобрување на

комуникацијата помеѓу критичните точки, се организираат состаноци, дебати, работилници и врз основа на тоа се прави анализа и се предлагаат конкретни активности.

Како и секоја учебна година, училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод:

Ден на училиштето - 13 Јуни

Нова година – 31 Декември

Ден на жената – 8 Март

Ден на шегата – 1 Април

Полуматурска прослава – јуни

Екскурзии за учениците и наставниците.

Активности за подобрување на односите меѓу сите структури

| **Активност** | **Цели и задачи** | **Начин на реализација** | **Носители** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на извештај за училишната клима во училиштето | Да се дојде до сознанија на негативни појави по однос на училишната клима во училиштето | Анализа на извештајот на интегралната евалуација | Тимот за подобрување на односите меѓу сите структури | септември |
| Изготвување на извештај | Да се дојде до сознанија на негативни појави по однос на училишната клима во | Анализа на јаки и слаби страни во рамките на Програмата за самоевалуација | Тимот за подобрување на односите меѓу сите структури | октомври-ноември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | училиштето | | | |
| Изготвување на предлог мерки и активности за наминување на негативни појави во однос на анализите | Надминување на негативните појави | Работен состанок | Тимот за подобрување на односите меѓу сите структури | декември-јануари |
| Презентирање на предлог мерките на сите релевантни фактори во училиштето | Запознавање на наставниците , Советот на родители , Училишната заедница, Училишниот Парламент со предлог мерките | Писмен материјал, усно излагање | Тимот за подобрување на односите меѓу сите структури | март-април |
| Следење на реализирањето на активностите | Постигнати ефекти во функција на изготвување на нов план за идната учебна година | Набљудување, интервју, анкета и др. инструменти | Тимот за подобрување на односите меѓу сите структури | мај-јуни |

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Потребите и приоритетите за професионален развој на воспитно-образовниот и стручниот кадар се детектираат врз основа на спроведени анкети, прашалници, листови за професионален развој.

### *20.2. Активности за професионален развој*

Професионалниот развој подразбира секојдневно професионално и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења.

Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието. Активностите за професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој која ќе оди во прилог.

Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво ( стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. Повеќето од наставниците се согласуваат дека во училиштето редовно се врши дисеминација, поддршка на наставниците на барање на наставниците или врз основ на опсервација во училиштето,

- состаноци на ниво на активи,

- семинари во училиштето,

- организација на отворени часови,

- воннаставни активности,

- менторство на наставник приправник,

- поддршка на индивидуално учење (coaching),

- размена на позитивна пракса помеѓу наставници во училиштето и помеѓу наставници од други училишта со посебен акцент на збратимените училишта.

- анализа ; евалуација

***20.3. Личен професионален развој***

Личниот професионален развој подразбира самостојно и независно учење и професионално надоградување на поединецот. Активностите за личниот професионален развој се состојат од своеволно проширување на компентенциите преку курсеви, литература и сл. Секој наставник има свое портфолио во кое се наведени активностите за личниот професионален развој

Наставниците континуирано се мотивираат и поттикнуваат за учество на семинари и обуки за личен професионален развој и стекнување на искуства кои ги применуваат и споделуваат на ниво на активи. Нивната работа се следи со водење на професионални досиеа и педагошки картони.Наставниците имаат желба стручно да се усовршуваат и да посетуваат семинари и обуки по одредени области. Од анализа за прашалниците за наставен кадар направена за време на изработката на самоевалуацијата на училиштето може да се заклучи дека повеќето наставници или 88,2 % сметаат дека училиштето ги поттикнува стручно да усовршуваат и напредуваат.

Секој наставник/училиштето е задолжен/о да/треба да:

-стручната служба за секој вработен води професионално досие, педагошки картон и база на лични професионални планирања за сите наставници

-води сопствено портфолио/ професионално досие кое е контролирано од стручната служба и инстектори од ДПИ

-посетува семинари, обуки, работилници, работни состаноци со цел лично усовршување , стекнување нови искуства и сертификати

- изработи План за Личен Професионален Развој ( ПЛПР- се изработува и дополнува тековно поради немање на однапред понудена листа од понудувачите на обуки)

### *20.4. Хоризонтално учење*

Професионалниот развој во училиштето подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на искуства во самото училиште или помеѓу училишта. Оваа година ќе се стави акцент на размена на искуства од полето на:

- користење на ИКТ во наставата (дополнителни обуки за користење на платформата TEAMS)

- размена на позитивни искуства , примена на техники и други современи методи на работа,

-размена на искуства за онлајн настава во комбинирани паралелки, оценување во онлајн наставата)

-Обука за имплементација на новата образовна концепција ( имплемнетација на новите наставни програми од БРО)

-Обуки за изготвување на наставни програми за работа и примена на техники и други современи методи на работа со ученици со посебни потреби

*Програмата и планот за професионален развој на ниво на училиште се во делот прилози.

### *20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

За покажување на добри резултати на училиштето потребно е сите да учат и да се подобрат, не само учениците туку и вработените. Тоа е еден од условите за да биде училиштето ефективно и да се грижи за кадарот како и за неговиот професионален развој и напредување. Професионалниот развој ќе опфати учење, подготвеност за промени, решавање на специфични стручни проблеми, промени во однесување и работа, чувство дека личноста е почитувана и ценета на своето работно место.

Со примена во пракса и подготвени да се внесат промени во начинот на работа, во однос на ученици, колеги и родители како и начинот на комуникација во училиштето, тоа води и кон кариерно напредување на воспитно образовниот кадар. Најдобри резултати за кариерен развој се постигнува ако професионалниот развој се одвива на ниво на училиштето и е базиран на личните податоци. Стручниот актив е јадро на учење на едни од други.

*Програми за работа на стручните активи на ниво на училиште се во делот прилози.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Овој вид на соработка е многу важна компонента преку која се остварува воспитно-образовната дејност на училиштето. Училиштето е отворено за соработка со родителите во функција на подобрување на комуникацијата на локалната средина и училиштето како интегрален дел и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

### *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

Училиштето од година во година забележува голем напредок во полето на соработката со родителите, која не се сведува само на информирање на родителите туку и на нивно поголемо активирање на оганизационо поле, учество

во проекти, работилници, хуманитарни акции, донесување одлуки во работата на училиштето (Совет на родители на паралелки, Совет на родители на училиште).

Преку Училишниот одбор родителите имаат можност да влијаат на работата на училиштето во сите области.

Целта на соработката со родителите и локалната средина е истите да се поттикнат за интензивирање на соработката, приближување кон воспитно - образовниот процес кој се води во училиштата; Приближување на родителите кон работата на наставникот не само како предавач и оценувач туку и како воспитувач; Поголема меѓусебна поддршка која стреми кон формирање на ученикот како зрела, одговорна личност со високи морални и интелектуални квалитети.

Училиштето иста така остварува соработка со родителите во разновидни активности и одбележување на манифестации: државни празници, јубилеи, Денот на училиштето и празнување на Денот на општината, спортски натпревари, ЕКО активности и сл.

Соработка со родителите се остварува на ниво родител- ППС во облик на советување пропишано со закон.

Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интерес.

***21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности***

Соработката со родителите во врска со процесот на учење, напредокот и постигањата на учениците се реализира преку родителски средби, индивидуални разговори, отворени приемни денови, консултативна соработка.

| Активности | реализатори/ | соработниц | временска |
|---|---|---|---|

| | **организатори** | **и** | **рамка** |
|---|---|---|---|
| Информирање / запознавање на родителите со:<br><br>- правата и обврските на учениците, родителите и наставниците што произлегуваат од законските одредбина основното образование и воспитание,<br><br>-наставен план и програма, распоред,<br><br>- годишната програма на училиштето,<br><br>- куќниот ред на училиштето. | Психолог, одделенски раководител | Наставници | Септември<br><br>2025 |
| Вклучување на родителите во:<br><br>- реализација на одделни сегменти од воспитно образовниот процес,<br><br>- разрешување на негативни појави во училиштето. | Психолог, одделенски раководител, | Родители | цела учебна година<br><br>2025/26 |
| - Водење грижа за здравјето на учениците* ( заштита од болести преку одржување на лична хигиена, хигиена наоблека, хигиена на простории за работа и домување, хигиена на околината; превенција; ментално здравје; спортување; имунизација - | Психолог, одделенски раководител, наставници, Министерство за здравство на РМ | родители<br><br>ученици<br><br>Одделение за орално здравје-стоматологиј | цела учебна година<br><br>2025/26 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| според законски пропишан календар за имунизација)<br><br>- Развивање на еколошка свест | | а<br><br>Медицински центар и Центар за јавно здравје- (Инфективно одделение и одделение за имунизација) Црвен крст и др. невладини организации<br><br>- Центар за Кинезитерапија<br><br>Еко друштва. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вклучување на родителите во воннаставни активности од воспитно образовен карактер :<br>- одделенска и предметна настава<br>(нагледни активности во рамките на различни наставни предмети),<br>-зачувување на традиционални вредности<br>-Еко работилници | Психолог, наставници, родители, ученици | Наставници лина кална средина | цела учебна година<br>2025/26 |
| Вклучување на родителите во воннаставни активности од културно - уметнички, спортски и хуманитарен карактер | Психолог , наставници, родители, ученици, Здравствен дом | Локална самоуправа, Црвен крст, СВР, Одделение за Итна медицинска помош | цела учебна година<br>2025/26 |
| Посета на советодавни, консултативни работилници / советувања | Психолог | одделенски раководител , родители, социјална служба | цела учебна година<br>2025/26 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организирање и изведување на<br><br>- заеднички прослави , јубилеи и проекти, едукации и кампањи,<br><br>- прослави и проекти кои се реализираат со збратимено училиште. | Психолог , наставници | родители, ученици, локална самоуправа | цела учебна година<br><br>2025/26 |
| Анализа на работата на училиштето во текот на целата учебна година | Психолог | Наставници | цела учебна година<br><br>2025/26 |
| Анализа на успехот и поведението на учениците | одделенски раководител | стручни соработници | Квартално |
| Посета на семејства | психолог,одделенски раководител | | цела учебна година<br><br>2025/26 |
| Групни и индивидуални родителски средби | одделенски раководител | стручни соработници | цела учебна година<br><br>2025/26 |

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се организира преку типизирани предавања, работилници за родители, вклучување во проекти и хуманитарни акции, училиштен весник, соопштенија, брошури, флаери и сл.

- се организираат и советодавни работилници

- идивидуални и групни средби , посета на семејства ,организирани од одделенски раководител и/или училиштен психолог.

- се организираат советувања за родители согласно Законот за основно образование

| ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|
| *Во животот и работата на училиштето* | - Советот на родители функционира по претходно изготвени план и програма;<br><br>-ги поттикнува родителите да учествуваат во процесот на донесување одлуки и решенија, давање идеи кои ќе се во интерес на подобрување на работата на училиштето од секаков аспект, како и реализација наистите.<br><br>- ги детектира состојбите - условите за работа во училиштето и дава идејни планови за подобрување на истите.<br>- учествува во одлучувањето (раководењето) преку членивите на Училишниот одбор |
| *Во процесот на учење* | Родителите имаат можност за увид во планирањата од секаков вид, со тоа доколку сметаат за потребно можат да се вклучат со нивни мислења и сугестии за нивно дополнување или измени.<br><br>Им даваат поддршка на наставниците во реализација на |

| | |
|---|---|
| | зацртаните планови за: имплементирање на иновирана настава, поголем напредок на учениците со посебен акцент на учениците со потешкотии во развојот и учењето и ученици со нагласен талент во одредени области.<br><br>Помагаат при набавка на наставни средства , помагала и материјали за учениците кои доаѓаат од семејства кои припаѓаат на социјално загрозена категорија.<br><br>Имаат моижност да учествуваат во креирање на средината за учење. |
| *Во активностите во училиштето* | Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставнте активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави , приредби , нагледни активности во рамките на различни наставни предметии сл. |
| *Во донесување на одлуки* | Преку Советот на родители и Училишниот одбор, родителите се вклучени во донесување на одлуки од секаков карактер кои се во својство на унапредување и подобрување на воспитно - образовниот процес и целокупната работа на училиштето ( согласно со законски дадените ингеренции на споменатите тела). |
| *Едукација на* | - се организира преку типизирани предавања, работилници за родители, вклучување во проекти и хуманитарни акции, училишен весник, соопштенија, брошури, флаери и сл.<br>- се организираат и советодавни работилници - идивидуалнии групни средби , посета на семејства |

| | |
|---|---|
| *семејствата* | ,организирани од одделенски раководител и/или училишен психолог.<br>- се организираат советувања за родители согласно Законот за основно образование |

**22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште**

Соработката помеѓу училиштето и различните институции создава динамична и меѓусебно поврзана средина која го поддржува и го подобрува образовното искуство. Ова партнерство гарантира дека образованието не е ограничено на училницата, туку се протега во заедницата, правејќи го учењето порелевантно, ефективно и повлијателно. Користењето на културните, спортските и здравствените ресурси на локалната средина ја збогатува наставната програма на училиштето. Учениците имаат корист од поширок опсег на активности, вклучувајќи културни настани, спортски натпревари и здравствени програми, кои придонесуваат за добро заокружено образование. Со фокусирање на овие области, училиштето ќе создаде динамична и поддржувачка средина за учење што ќе им користи на учениците, вработените и пошироката заедница, што ќе доведе до севкупен напредок и развој.

Училиштето има за цел да негува силни, заемно корисни односи со надворешни чинители, вклучувајќи ја локалната заедница, институциите, невладините организации и медиумите. Оваа соработка е изградена врз принципот на взаемно влијание, при што училиштето позитивно влијае на јавноста и на животната средина, а за возврат има корист од нивните позитивни придонеси.
Соработката со различни институции може да го подобри образованието и развојот на нашите ученици и да се обезбедат можности за професионален раст на наставниот кадар. Ефективна двонасочна комуникација со различни институции може да поттикнете влијание, разбирање и размена на вредни повратни информации.

Преку ваквата соработка, училиштето се стреми да изгради динамична и поддржувачка мрежа која го подобрува образовното искуство и професионалниот развој на своите ученици и кадар додека позитивно придонесува за пошироката заедница.
Потесна и непосредна соработка со локалната средина ќе оствaруваме преку родителите на учениците, родителските одбори во паралелките и советот на родители.

**Локална заедница**

Ангажирањето со локалната заедница помага во интегрирањето на училиштето во заедницата, поттикнувајќи чувство на припадност и взаемна поддршка. Ги поттикнува учениците да станат активни, одговорни граѓани. Посебно место во соработката со локалната средина ќе има континуираната соработка со локалната самоуправа, пред се со градоначалникот и советот.

Соработката со локалната заденица ќе придонесе за зајакнување на партнерските односи со јавноста, и истата ќе биде поинтензивна во следните области:

- Подобрување на ресурсите преку партнерства со локални бизниси, културни организации и образовни институции, каде што училиштето преку грантови, донации и спонзорства може да пристапи до дополнителни ресурси, како што се финансирање, материјали и објекти;
- Вклученост и напредок на учениците преку учество во организирани активности, настани и натпревари на ниво на општина;
- Заедничките настани и активности со други училишта и организации ќе им понудат на учениците различни искуства за учење и ќе го подобрат севкупниот квалитет на образованието;
- Одржливо влијание во заедницата преку различни проекти и иницијативи, преку размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта во општината

Соработката со локалната заедница ќе се одвива во рамките на редовна настава и преку различни воннаставни активности. Оваа соработка претставува активно вклучување и поттикнување на учениците да развијат вештини за решавање проблеми и критичко размислување. Тие учат да се справуваат со предизвиците од реалниот живот, да соработуваат со различни групи и да најдат иновативни решенија.

Континуираната електронска и лична комуникација со локалната власт, родителите и другите засегнати страни ќе ги зајакне партнерствата и ќе ја подобри реакцијата на училиштето на потребите на заедницата. Отворените денови и настани дополнително ќе градат доверба и соработка.

Решавањето на заедничките проблеми на локално ниво, како што се комуналните прашања и подобрувањата на животната средина, ќе придонесе за културниот и образовниот развој на заедницата. Вклучувањето на училиштето во овие напори ќе промовира дух на соработка и ќе ги зајакне врските во заедницата.

Учениците ќе учествуваат во сите организирани активности и настани на ниво на општина, вклучувајќи спортски, културно-уметнички програми и наградни натпревари. Училиштето активно ќе соработува со локалната самоуправа, особено со Секторот за образование, култура, спорт и млади и други образовни институции од општината.

Активностите во текот на годината ќе вклучуваат:

- Одбележување на јубилеи и меѓународни денови;
- Спортски активности;
- Работа и хуманитарни акции;
- Запознавање со локалната средина преку посети и екскурзии;
- Организирање и учество на настани и изложби;
- Соработка со бизнис заедницата;
- Соработка со локалната заедница;
- Соработка со родителите, локалното население и поранешните ученици.

**Институции од областа на образованието**

Партнерствата со образовните институции можат да обезбедат можности за професионален развој за наставниците, како што се програми за обука, работилници и пристап до нови наставни методологии.

Континуирано во текот на целата учебна година ќе се одвива соработка со:

- ✓ БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и слично;
- ✓ Детските градинки во кругот на нашата населба, заради превземање ученици за прво одделение;
- ✓ Основните училишта од општината и пошироко, заради размена на информации и искуства и взаемна помош во работата;
- ✓ Факултети, заради стручно усовршување, организирање натпревари, семинари и советувања;
- ✓ Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.

**Институции од областа на културата**

Соработката со институции фокусирани на културата може да го поддржи холистичкиот развој на учениците, може да им обезбеди уникатни искуства за учење, како што се посети на музеи, театарски претстави, работилници и гостински предавања кои ја збогатуваат наставната програма. Исто така задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците. Училиштето има постојана и плодна соработка со следниве институции од областа на културата:

- ➢ Дом на култура „Григор Прличев“ Охрид
- ➢ Градска библиотека „Григор Прличев“ Охрид
- ➢ Народен музеј „Д-р Никола Незлобински“ - Струга

**Невладини организации**

Во текот на учебната година Училиштето ќе биде отворено за соработка и со невладини организации како што се: Младински Центар, НВО - Енхелиус Лихнид, СОС-центри, еколошки друштва и др.

**Институции за заштита**

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето ќе соработува со следните здравствени организации:

1. Училишна амбуланта
2. Стоматолошка ординација
3. Центар за јавно здравје
4. Центар за социјални работи

**Медиуми**

Со цел на промоција на училиштето ќе се презентираат сите активности одвоспитно образовната работа преку нашите веб и facebook страници, како и преку соработката со локални ТВ станици, локални радиостаници, весници, континуирано ажурурање на веб страната и др. Училиштето ќе формира тим одговорно лице за контакт со медиумите, кое ќе има за задача да организира настани и активности на разни теми со единствена цел промоција пред медиумите и јавноста.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето на имплементацијата на активностите предвидени со Годишната програма на училиштето се одвива на повеќе начини и тоа:

- Процес на самоевалуација
- Анализа на постигнувања
- Прашалници
- Анкети
- Интервјуа
- Увид во работата на учениците
- Набљудување
- Увид во работата на органите и телата на училиштето
- Извештаи
- Дискусии

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Материјално технички ресурси** | Во текот на целата година | Претседатели на активи | директор |
| **Податоци на вработени и ученици** | Извештаи по класификациони периоди | Стручна служба, секретар | Директор. Наставнички и одделенски совет |
| **Материјално** | По квартали | Сметководител, | Наставнички |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **финансиско работење** | | директор, училишен одбор | совет, Совет на родители, општина |
| **Приоритети на училиштето** | Според предвидените планови | Директор, стручна служба и тимови | Директор, општина, наставнички совет, совет на родители, училишен одбор |
| **Настава** | Во текот на годината | Наставници, стручна служба и тимови | Директор, совети |
| **Воннаставни активности** | Во текот на годината | Одговорни наставници на секции и формирани тимови | Директор, стручна служба |
| **Ученичко организирање и учество** | Континуирано | Одговорни наставници и стручни соработници | Директор, стручна служба |
| **Вонучилишни активности** | По предвидените програми | Комисија за екскурзии и излети | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Натпревари** | Континуирано | Наставници | Директор, стручна служба |
| **Унапредување на мултикултурализам** | Континуирано | СИТ | Директор |
| **Поддршка на учениците** | Континуирано | Наставници, стручна служба | Директор |
| **Оценување** | Континуирано | Наставници | Директор, стручна служба |
| **Безбедност во училиштето** | Континуирано | Тим од наставници | Директор |
| **Грижа за здравјето** | Континуирано | Наставници, стручна служба | Директор |
| **Училишна клима** | Континуирано | Тимови од наставници, стручна служба, училишен парламент | Директор |
| **Професионален развој** | Континуирано | Тим за професионален | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | развој | |
| **Соработка со родители** | Континуирано | Наставници, стручна служба, Совет на родители | Директор, стручна служба, совет на родители |
| **Комуникација со јавноста и промоција** | Во текот на цела година | Одговорни тимови | директор |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени во Годишната програма за работа на основното училиште се реализира како систематски и објективен процес кој ги зема предвид искуствата, перцепциите и придонесите на сите засегнати страни вклучени во нејзината имплементација.

Процесот на евалуација е насочен кон темелна анализа на степенот на реализација на предвидените активности, со фокус на собирање валидни и веродостојни докази поврзани со поставените индикатори и критериуми за успех.

Особено внимание се посветува на:

- идентификување на добри практики,
- препознавање на предизвици,
- и формулирање на заклучоци и препораки за подобрување на планирањето и реализацијата на идните активности.

Собирањето податоци и докази се реализира преку примена на повеќе извори и инструменти, меѓу кои:

- структурирани прашалници,
- анализа на службена документација (записници, протоколи, извештаи),
- дискусии и интервјуа со релевантни учесници,
- увид во ученичките активности и продукти,
- процес на систематско набљудување,

- како и независни евалуациони извештаи.

Овој пристап овозможува сеопфатна, реална и транспарентна евалуација, со цел континуирано унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа и поддршка на стратешките цели на училиштето.

**1. Активност-** Следење на реализација на Годишната програма

**Реализатор** -Тим за евалуација на годишна програма

**Ресурси(докази)-** Анализи,записници,документи

**Инструменти-** Посета на сите видови настава

**Очекувани резултати-** Успешна реализација на Годишната програма

**2. Активност -**Следење на реализација на часови од редовната настава

**Реализатор-** Директор, стручна служба

**Ресурси (докази)-** Посета на час, разговор, увид во педагошка евиденција, едневник

**Инструменти** - Дневни планирања на наставниците, разговори, давање насоки за подобрување на наставата

**Очекувани резултати -** Подобрување на реализацијата на наставата

**3. Активност-** Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава

**Реализатор-** Директор, стручна служба

**Ресурси(докази)-** Посета на час, разговор, увид во педагошка евиденција и досие на наставниците и учениците

**Инструменти** -Дневни планирања и професионално досие на наставниците, разговори, ученичко досие, давање насоки за подобрување на наставта

**Очекувани резултати -** Подобрен квалитетот на наставата

**4. Активност-** Следење на реализацијата на додатната и дополнителната настава и воннаставни активности

**Реализатор-** Директор, стручна служба

**Ресурси (докази)-** Записници, формулари за анализи, водење на образец за додатна, дополнителна и воннаставни активности

**Инструменти** -Увиди во образец од додатна, дополнителна настава и воннаставни активности, посети на час

**Очекувани резултати-** Подобрување на општиот успех

**5. Активност -**Евалуација на работата на стручните активи

**Реализатор** -Директор, стручна служба

**Ресурси(докази)-** Извештаи од стручните активи

**Инструменти-** Записници, анализи, извештаи

**Очекувани резултати-** Утврдување на подрачја за промени во наредната учебна година

**6. Активност-** Евалуација на професионален развој на вработените

- **Реализатор-** Директор,тим за професионален развој

**Ресурси(докази) -** Разговори, увид во професионално досие

**Инструменти** -Професионално досие на вработените

**Очекувани резултати -** Унапредување на компетенциите на наставниот кадар

**7. Активност-** Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година

**Реализатор-** Одделенски и наставнички совет

**Ресурси(докази) -** Формулари и статистички анализи на среден успех на учениците на полугодие и крај на година

**Инструменти** -Прегледи за  постигнатиот успех

**Очекувани резултати-** Подобрување на општиот успех

**8. Активност-** Изготвување полугодишен и годишен извештај

**Реализатор** -Тимот за евалуација на Годишната програма

**Ресурси(докази) -** Извештаи доставени од наставниците, стручните активи, директор, стручна служба

**Инструменти** -Пргледи за постигнат успех

**Очекувани резултати-** Подобрување на успехот на учениците

**9. Активност -**Увиди во водење на педагошка евиденција и документација

**Реализатор** -Директор, психолог

**Ресурси(докази)**  Прегледување на педагошка евиденција и документација

**Инструменти** -Записници, извештаи

**Очекувани резултати -**Запазување на законитоста во работењето, утврдување на подрачја за промени

## 25. Заклучок

Општинското основно училиште „Кочо Рацин“ – Охрид како дел од државниот воспитно-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес. И својата работа ја темели на низа на закони а особено врз Законот за основно образование.

Во воспитно – образовниот процес се исполнуваат следниве задачи: оспособување за живот, понатамошно образование и самообразование; совладување на основните елементи на современото општо образование; оспособување за примена на стекнати знаења, умеења и правилно користење на слободното време, развивање на интелектуалните и физичките способности, критичко мислење, самостојност и интерес за многу знаења, познавање на основни законитости на природата, општетството и човечкото мислење; стекнување и развивање свест за потребата од чување на сопственото здравје и заштита на животната средина, развивање на хуманост, патриотизам и други етички својства на личноста; воспитување за хуман и културен однос меѓу луѓето без да се прави разлика меѓу пол, вера, раса, националност и лично верување; негување и развивање на културата, и културното наследство; стекнување на основни познавања за убаво однесување.

Документот, покрај основните податоци за училиштето, бројот на наставен и ненаставен кадар, бројот на ученици и паралелки и распределенијата за работа по наставник и одделение, во детали ја планира и работата на директорот, стручните соработници (психолог, педагог и библиотекар) и стручните активи. Дополнително со овој документ и неговите прилози се дава јасен преглед на сите наставни и воннаставни активности на учениците и се регулира одржувањето на додатната и дополнителна настава, работата на секциите и клубовите во училиштето и слободните ученички активности, а се со цел подобрување на квалитетот на настава и продлабочување на знаењата во области од интерес за учениците.

Во училиштето работат тимовите за имплементација на МИО и ЕКО содржини, и истите предложуваат сопствен план за работа за претстојната учебна година, притоа обезбедувајќи соработка со локални училишта и институции релевантни за полето на нивно делување.

Годишната програма цврсто се темели на мисијата и визијата на училиштето, па посветува значително големо внимание на професионалниот и кариерен развој на

сопствениот кадар преку размена на искуства со сродни училишта во земјава и надвор, обуки, семинари, работилници и интерни активности помеѓу наставниот кадар.

Училиштето е во тесна соработка со институциите во општината и регионот, како и родителите/старателите на учениците, кои се вклучени во организацијата на работата на училиштето во сите сегменти преку свои претставници во Советот на родители и Училишниот Одбор, за чија работа е изготвен детален план и распоред на активности, како и правилник за избор/реизбор, обврски и права. Покрај вклученоста на родителите и институциите преку свои органи во Ученичкиот парламент и одделенските заедници се застапени и учениците, за што овој документ обезбедува правилник и начин на работа.

Годишната програма за работа на училиштето претставува водич за остварување на предвидените цели и индикатор на динамиката за развојот на училиштето во целина. Училиштето во текот на учебната година посебно внимание ќе посвети на подобрување на севкупното живеење воучилиштето:унапредувањеи осовременување на воспитно-образовниот процес , подобрување на квалитетот на оценување во насока на зголемена објективност и еднаков пристап на наставниците кон учениците, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно –образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, подигање и негување на креативна и интерактивна настава, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување на учениците.

Наставиот кадар ќе се стреми кон постигнување на повисоко ниво на мотивација на учениците со поголема примена на иновативни форми и методи во наставата како и подобрување на редовноста на учениците во следење на наставниот процес.

Годишната програма за работа на училиштето, за учебната 2025/26 година, се креира според востановените потреби и приоритети, кои произлегуваат од постојаната евалуација и самоевалуација на работата на училиштето, од постојаната надградба на наставниот кадар, од соработката и непречената секојдневна комуникација на наставниците, како и константната соработка меѓу учесниците (наставник-ученик-родител).

Годишната програма на основното училиште претставува суштински документ кој ги дефинира приоритетите, целите и активностите во воспитно-образовниот процес. Таа е резултат на заеднички труд и соработка на наставниците, стручната служба, раководството и локалната заедница.

Со реализацијата на оваа програма се стремиме кон унапредување на квалитетот на наставата, поддршка на индивидуалниот развој на секој ученик, вклучување на родителите и создавање безбедна и поддржувачка училишна средина. Акцент се става и на интеркултурните вредности, дигиталната писменост, инклузијата и развојот на социо-емоционалните компетенции.

Следењето на реализацијата на програмата ќе овозможи навремена евалуација и прилагодување на активностите, со цел постигнување на поставените цели и континуирано унапредување на образовниот процес.

Годишната програма е изработена, согласно новите укажувања добиени од МОН и е во согласност со моменталната состојба во училиштето. За изработката на истата е формиран посебен тим.

Изработената годишна програма ќе подлежи на промени, во зависност од состојбата во иднина и добивање на нови укажувања од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Евентуалните промени и внесување на нови планови, програми и процедури, ќе се вршат со анекси на годишната програма.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Тим за изработка на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година.

1. Славица Котеска – директор

2. Сања Наковска – стручен соработник психолог
3. Виолета Петковска-одделенски наставник
4. Љупка Јакимоска Попоска-предметен наставник
5. Силвана Крстеска-предметен наставник
6. Билјана Тодева Стојаноска-одделенски наставник
7. Андреј Ѓорѓиоски-претседател на училишниот парламент

## 27. Користена литература

Изработката на годишната програма е заснована врз новиот правилник за изработка на Годишна програма добиен од МОН, во согласност со Законот за основно образование и правилници од МОН и БРО. Како појдовна основа за нејзина изработка се користени следните документи: годишен извештај за реализација на Годишната програма од минатата учебна година, развојниот план на училиштето и извештајот од извршената самоевалуација.

.07.2025 Директор на ООУ„Кочо Рацин“ Охрид

__________________________

/Славица Котеска/

Претседател на Училишниот одбор при ООУ„Кочо Рацин“ Охрид

__________________________

/Наде Митаноска/